# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година III • Број 6**
**2015**



Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
Бог застана во советот на боговите, да им суди на боговите.
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
До кога ќе судите неправедно и пристрасно на грешниците?
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
Ослободете го сиракот и бедниот, смирениот и сиромавиот оправдајте го.
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
Ослободете го сиромавиот и бедниот, од рацете на грешните избавете го.
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
Не знаат, ниту разбираат, во темнина одат.
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.
Основите на земјата нека се помрднат. Јас реков: „Богови сте и синови на Севишниот сите.
А вие како луѓе умирате и како еден од кнезовите паѓате."
Воскресни, Боже, суди ѝ на земјата, зашто Ти владееш над сите народи.

***На Велика Сабота, пред читање на Евангелието***

Тавор • Тромесечник на Кумановско-осоговската Епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик", Охрид

# ТАВОР

Март 2015 • Година III • Број 6

**Литургиски круг**
**Страсна седмица**
**Пасха**

**1** Голгота на историјата
*Павле, Митрополит Алепски*

**3** Умирајќи - еве. живееме!
*Протопрезвитер Џон Бер*

**6** Слово на светата Пасхална седмица
*Архимандрит Јован Крестјанкин*

**Црква**
**Интервју**

**10** Светата Литургија не е ниту за гледање, ниту за слушање (прв дел)
*Атанасиј, Митрополит Лимасолски*

**14** Моќта на парохијата
*Протопрезвитер Андреј Ткачев*

**16** Читатели кои не читаат
*Интервју со архимандрит Тихон Шевкунов*

**21** Од муслиманка до иконописец
*Интервју со Ала Мешчерова*

**Ново Доба**
**Окултизам**

**24** Зошто христијаните биле гонети во паганскиот свет?
*Протоѓакон Андреј Кураев*

**37** Астрологија - нејзината суштина и појавување според учењето на Православната Црква (трет дел)
*Димитриј Бороновски*

СТРАСНА СЕДМИЦА

# ГОЛГОТА НА ИСТОРИЈАТА

Павле, Митрополит Алепски*




За кратко време ќе го пееме антифонот[1] што го сакаат многу Христијани, *Денес виси на дрво*. Во Светото Писмо има два настани во кои Христос го носи Својот Крст. Првиот, кога Го носи Крстот на патот кон Голгота во Ерусалим, и вториот, запишан во Книгата на Откровението. На Неговото Второ пришествие, Исус ќе го носи знакот на победата, а тоа ќе биде Неговиот Крст. Помеѓу овие два настани, Христос виси на Дрвото. Кога Тој ги рашири Неговите раце на Крстот, едната рака ја смести во минатото, а другата во иднината, покривајќи ја сета историја.

Христос не беше распнат само еднаш, туку Неговото распетие го назначи патот на Крстот. На Крстот Исус извика: *Се сврши*. Во стварноста, во тоа време, полнотата на Божествената Вистина беше откриена. Стариот Завет откри дел од Божјата љубов. Уште поголем дел беше откриен во трите години додека Господ одеше и говореше меѓу луѓето. На Крстот, пак, полнотата на божествената љубов беше откриена: „Никој нема поголема љубов од оваа: да ја положи душата своја за своите пријатели“ (Јн. 15,13).

На Крстот, вода и крв истекоа од реброто Христово. А ова значи, *зайочна*.

---

* Автор на оваа беседа е Митрополитот-исповедник Павле Алепски од Антиохиската Патријаршија, истакнат богослов и пастир. Киднапиран е на 22 април 2013 година, и оттогаш нема потврдена информација во врска со неговиот живот.

[1] Се работи за петнаесеттиот антифон од Службата на светите и спасителни страданија на Господ Исус Христос.

Христос не го зел Својот Крст за да остави трага од некаква лична авантура, или приказна за во историјата. Христос влезе воисторијата со цел да ја распне, да ја преврати на правиот пат, откако таа отклони. На Крстот беше откриена Божествената Вистина во сета нејзина слава, и присуството Божјо ја назна-чи својата мисија.

Бог влезе во историјата за да може со човекот да го сподели создавањето на историјата.

Историјата не е црна судбина, или нешто спротивно на ова, предодредено од Бога за човекот. Ние сме слободни да избереме. Нам ништо не ни е наметнато. Бог нè создал за со Него да ја создадеме историјата. Бог нè создал за да создаваме. Историјата е дијалог меѓу Бога и нас. Христијаните влегуваат во овој дијалог на историјата одговарајќи со „Нека биде“ во име на созданието, според зборовите кои Марија ги изговорила на Благовештението: „Нека ми биде според зборовите твои“ (Лк. 1,38). Ова значи дека човекот на дарот одговара со љубов, а на словото со послушание. Историјата е таинствениот однос меѓу даровите Божји (од почетокот) и одговорот на човекот преку послушание (како продолжение).

Човекот ја гради својата судбина. Бог претходно го прочитал тоа што ќе го напишеме. Божјата Промисла не е судбина, туку благодат. Човекот може слободно да не мисли на Бога, иако Тој е присутен во историјата. Бог ја мрази онаа религија која Го преобразува во идеја, иако Тој сака да биде присутен во историјата. Да се направи Бог отсутен значи да се убие Бог. Сè пред Христа е „вперено“ кон Него и сè што дошло по Него е Негово продолжение. Присуството Божјо во историјата е настан забележан од христијаните.

Христовото распнување не е приказна, ниту слика. Распнатиот повикува кого и да посака. Христос беше ранет на Крстот, но водата и крвта што истекоа од Неговата чиста плотранија многумина. Самиот Тој објави дека бивајќи издигнат (распнат), со Него ќе издигне (сораспне) многумина.

Крстот повикува слободно. Неговиот повик се заснова на нашето бивање вистински ранети од Божјата Љубов. Златоустиот вели: „Добриот војник, гледајќи дека неговиот господар е ранет, се бори поостро“.

Иднината е одговорност, а не судбина. Идината е страна од нас напишана. И христијанинот ја пишува одново, со новото пенкало, Крстот. Историјата не е [однапред] запишана. Христос однапред ги предупредил Неговите ученици за Неговото страдание, и Тој знаел кој ќе Го предаде, но им се обратил со зборовите *Тешко му на оној човек, преку кого Синот Човечки ќе се предаде* (Мт. 26,24). Исус знаел дека Јуда ќе Го предаде, но не го посакувал тоа. Се обидел да внимава на него, за да го одврати од предавството.

Историјата се образува и оформува од рацете Божји и човечки. Ако човек се одрече од Бога и се оддалечи од Него во неговиот живот, ова не значи дека Бог е неприсутен. Да, Синот Човечки дојде за да биде распнат и тешко му на оној човек кој нема да земе удел во Неговата Слава.

Историјата ќе нè подели на кози и овци, на разбојникот од левата или десната страна, зависно од тоа како градиме. Твојот Крст, Господи, се покажа како терезија на правдата меѓу двата разбојника: едниот појде удолу поради хула, а другиот се издигна, исповедувајќи ја Твојата вистина.

Крстот беше засаден во длабочините на земјата, на Голгота, за да ја распне историјата. Исус воскресна за и нас да нè воскресне, и од раните Негови и ние бевме ранети. Тој направи почеток, за ние да продолжиме. Ни ја откри вистината, за да ја познаеме Неговата служба. Со Крстот Негов Христос го отвори Царството, за преку Крстот Негов ние да го изградиме Царството. Затоа правиме литија со Крстот и го созерцуваме. Крстот е наша служба и пат.

На страдањето Твое, Христе, му се поклонуваме.

Амин.

СТРАСНА СЕДМИЦА

# УМИРАЈЌИ, ЕВЕ - ЖИВЕЕМЕ!

Протопрезвитер Џон Бер



Пасхата се приближува: уште еднаш треба да подразмислиме за суштината на нашата вера, одново да се прилагодиме на перспективите што таа ни ги нуди, и одново да влеземе во оваа тајна.

Преку Неговата смрт, Неговиот доброволен принос во љубовта за нас, Христос ја уништи смртта и ни подари живот. Ги кажуваме овие зборови толку често, што веќе сме имуни на каменот на сопнување и соблазната што тие ја претставуваат, и ги превидуваме последиците што тие ги имаат врз нас. Умирајќи, како човек, Христос ни покажал што значи да се биде вистински Бог: Господарење пројавено преку служење, сила во немоќ, мудрост во лудост. Доколку на било кој друг начин Тој ни покажеше што значи да се биде Бог (на пример, доколку делуваше како надчовечко божество), не ќе можевме да имаме удел во Него и Неговото дело. Факт е дека сите ние ќе умреме, без разлика дали го сакаме тоа, или не. Единственото прашање е како ќе умреме? Прилепени за сето она што мислиме дека е наше, нашиот сопствен живот и имот, нашиот сопствен статус или корист? Или, следејќи Го Него на Неговиот пат кон Голгота, положувајќи ги нашите животи од љубов кон Него и нашите ближни? Живеејќи, а умирајќи, или умирајќи да живееме.

## Тело кое сведочи

Преку Неговото дело, преку Неговата пролеана крв и прекршено тело, Христос нè повикал да бидеме Негова Црква. Ние сакаме да го користиме јазикот на Црквата која победува, славното тело чија мисија е сиот свет да го смести во своето стадо и да го објави Царството Божјо на земјава. И навистина, тоа е наша мисија: *Одете и поучете ги сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух.* Но, ние никогаш не смееме да заборавиме дека славата на ова Тело е таква, што единствено може да биде видена од оние чијшто вид бил образуван да гледа на Крстот и да Го види Господ на славата. Како што вели св. Атанасиј, *колку повеќе Господ е гонет и унижуван, толку повеќе Неговата слава и божествена природа се појавува...* пред оние кои имаат очи да гледаат.

И ова се протега, нè уверува тој, врз оние кои го сочинуваат Неговото тело, оние кои ја примаат верата на Крстот и доброволно се предаваат себеси на смрт, за да може Тој да живее во нив. Таква била Бландина, робинката, пример за слабост во стариот свет, која била врзана за столб за да биде изедена од диви ѕверови. Набљудувачите од трибините виделе само уште една навидум заблудена будала како умира за нивна забава, но оние што се бореле покрај неа во арената, *во ликот на нивната сестра Го виделе Оној Кој бил распнат за нив.* Умирајќи, Христос живее во неа, за таа сега да живее вечно.



*Минијатура - Пренос на моштите на св. Јован Златоуст. Минологиј на Василиј II.*

## Тело кое соблазнува

Никогаш да не заборавиме дека ова е славата на телото Христово, Црквата, во овој свет, ова е животот што тврдиме дека го живееме, ова е навестувањето на Царството не од овој свет. Како што тежнееме да го прошириме ова Царство, секако, мораме да внимаваме и да се трудиме дека нашето однесување нема да биде соблазна или камен на сопнување за другите. Како минимум, мора да се држиме до највисоките стандарди од општеството во кое живееме. Но, исто толку мора да ја избегнеме и да не грешиме, мислејќи дека ваквото живеење е доволно за телото Христово да биде „во добар ред“: како тело Христово, секогаш ќе бидеме предмет на потсмев, презрен и исмеан - никогаш да не го заборавиме ова, и ова секогаш нека биде поради вистински причини!

Проблеми какви што денес ја напаѓаат Црквата имало уште од почетокот, и тие лесно може да станат повод за губење вера, особено доколку единствено важно ни е „добриот ред“ од овој свет. Навистина, еден од древните пустински отци предупредил дека во деновите што доаѓаат ретко ќе може да се најде преостаната вера на земјата, и дека битката за зачувување на верата во таквите времиња ќе биде поголема од било која тогашна подвижничка борба. Ако овие проблеми може да бидат повод за очај, тие исто така можат да бидат еден силен поттик за да бидеме сигурни дека нашата цел е добро насочена, дека нашата вера е во Самиот Христос.

Живееме напрегајќи се кон иднината, кон Христовото доаѓање, потхранети од надежта што Тој ни ја нуди. Тогаш, да не бидеме обременети од грижите на денешницата, зашто и тие ќе поминат; напротив, да се подготвиме себеси за уште поголемите битки што ни претстојат. Но, ова можеме да го сториме единствено доколку нашиот поглед е вистински насочен кон Царството навестено од Страданијата и објавено преку оние, меѓу нас, кои умирајќи, живеат.

## Да простиме сè во Воскресението

Простувањето е срцевина на тајната на Воскресението: *да се простиме еден со друг, та да повикаме „Христос Воскресна!"* Не можеме да тврдиме дека сме христијани, да се осудиме да се поздравиме еден со друг со пасхалниот поздрав, доколку не го правиме тоа со срце кое проштева. Но, длабочината на ваквото простување не е потполно ако мислиме дека тоа го означува покајанието на другите и нашето простување за возврат, кое завршува во мир, или попрво, примирје кое нè задоволува. Христос дојде да ги повика грешниците, и - доколку сакаме да бидеме меѓу повиканите, тогаш така и треба да се гледаме себеси, навистина како први меѓу грешниците.

Мора да бидеме како апостолите: како Савле, кој, соочен со Христа Кој го прашува „Зошто ме гониш?", станува великиот апостол Павле; како Петар, кој пред да го обнови своето апостолство, морал трипати да ја исповеда својата љубов кон Христа, кој стоејќи покрај запалениот јаглен трипати се одрекол од Христа, греејќи се од запалениот јаглен, што пак нашето внимание го враќа на визијата на Исаија кој, гледајќи Го Господа како седи на престол и е опеан од серафимите, тажел „Тешко мене, оти сум изгубен; јас сум човек со нечиста уста", та примил разгорен јаглен земен од жртвеникот, и ги чул зборовите: „Ете, тоа се допре до устата твоја – и твоето беззаконие се оттргна од тебе, гревот твој се очисти."

Приближувајќи Му се на Христа на овој начин, како покајници кои просат простување, нашите срца ќе се скршат, за љубовта и проштевањето Христово да можат да потечат преку нас кон другите. Тогаш ќе бидеме спремни да го примиме, од истиот жртвеник и со истите зборови на прошка, лекарството на бесмртноста, за умирајќи, да можеме да живееме.

## Ако семето не падне на земјата и не умре...

Повикани сме да го земеме Крстот, да умреме со Христа, да станеме едно тело Христово. Нашите поделби се навистина соблазна што ние ја создаваме. Без разлика дали поделбите се меѓу луѓе, или внатре во едно црковно тело, или меѓу црковни тела, секој еден од нас е одговорен за нашиот неуспех да Го оприсутниме Христа преку нашето сведоштво, нашата *мартириа*, во светот кој е сè повеќе оттуѓен од Бога и сè повеќе жеднее по Христа. Приврзувајќи се за она што ние го вреднуваме, без разлика дали е тоа нашето достоинство спротивставено на достоинството на другите, или смутови кои создаваат битки во Црквата, ние сме како семето кое останало само, и не умрело, и не дало плод. Ако треба да бидеме Христовото едно вистинско Тело, мора да Го следиме, умирајќи за сè што нè разделува од Него, сето она што му припаѓа на овој свет, а не на Царството, и да бидеме отворени за да нè одведе каде што Тој сака. Тогаш, умирајќи, можеби ќе почнеме да Го објавуваме Христа според нашиот живот како Негово едно тело.

На прагот сме на Пасхата Господова. Ова не е само уште еден настан во годината, што ќе го заборавиме штом престанеме да пееме *Христос воскресна*. Попрво, ова е вечната тајна, присутна во секој момент - секој момент во кој овој поздрав ни сраснал при срце и умирајќи, еве - живееме.

Светло Христово воскресение



# Слово
## за Светлата Пасхална седмица
### изречено во 1993 г.

Архимандрит Јован Крестјанкин

Сега сè се исполни со светлина: небото, и земјата, и адот... *Христос воскресна!* Дечиња Божји! Ве поздравувам со изобилството на радост која не е од овој свет, озарувајќи ве со силата на божествените зборови: *Христос воскресна!* Благо-датниот пламен на оваа спасоносна вест, кој повторно со силен пламен распламте над Гробот Господов се излеа по светот! Исполнувајќи се со светлоста на тој пламен, Црквата Божја ни го дарува денес: *Христос воскресна!*

Возљубени во Христа браќа и сестри, пријатели мои! И вие, секако, самите забележавте дека меѓу многуте наши големи и радосни христијански празници, по својата свеченост и особена радост се издвојува празникот на Светлото Христово Воскресение – празникот над празниците и торжеството над торжествата!

Во нашата Православна Црква не постои служба која би била повеличествена и повпечатлива од пасхалната Утрена. Токму заради тоа сите верни така итаат кон храмот во ноќта на Пасха. Пасхалното богослужение е навистина слично на величествена гозба, која Господ ја приготвил за сите оние што притекнуваат под благодатната сеница на Неговиот дом.

Замислете се над содржината на Пасхалното слово на светиот Јован Златоуст! Со татковска нежност и радост ги прима Господ оние кои Го љубат со сето свое битие. „*Блажен е оној, кој се трудел од првиот час*" – тоа се оние кои од рана младост



*Велика Сабота. Слегување на благодатниот оган во црквата на Гробот Христов.*

непоколебливо чекорат по Неговите божествени чекори. Меѓутоа, Тој не ги отфрла ниту оние кои, откако го надвладеале сомнежот во својата душа, на Бога Му се приближиле дури на зрела, па дури и поодмината возраст. *Нека не се бојат од нивното колебање, Господ со љубов го прима и последниот како и првиот: Тој делата ги прима, а намерата ја целива.*

Несомнено дека сите вие, кои за време на воскресенската ноќ бевте во храмот, го почувствувавте необичниот занес... Нашите души ликуваа, преисполнети со благодарност кон нашиот Господ и Спасител за вечниот живот што на сите нам ни го подари. Воскреснатиот Христос на небо го вознесе родот човечки и на човековото постење му даде возвишена и племенита смисла.

Човечката душа жеднее за вечно среќен живот. Човекот трага по ваквиот живот... Поради тоа луѓето толку брзаат во Божјиот храм на светлата Утрена. Не само верните, туку и оние кои свесно се наоѓаат далеку од христијанската религија. Тие не доаѓаат за само да ја набљудуваат свечената христијанска богослужба. Нивната душа, која за време на раѓањето му е дадена на секој човек, тежнее кон светлината на незалезното Сонце на правдата, тежнее кон Вистината.

Верниот народ во текот на таа света ноќ со особена сила ја чувствува светлата радост на Воскресението Христово која изобилно се излева. Тоа не би требало да нè зачуди: Воскресението Христово е темел на нашата вера, неразрушлива поткрепа во нашиот овоземен живот. Со Своето воскресение, Христос им овозможи на луѓето да ја сфатат вистинитоста на Неговата божествена природа, вистинитоста на Неговото возвишено учење, спасителното обележје на Неговата смрт. Воскресението Христово е завршеток на Неговиот животен подвиг. Поинаков крај не ни можел да постои, зашто тоа е непосредна последица на моралната смисла на Христовиот живот. *Да не воскреснеше Христос, залудна ќе беше и нашата проповед, и нашата вера*, вели апостол Павле. Меѓутоа, Христос воскресна и со Себе го совоскресна целото човештво!

Спасителот донесе совршена радост на земјата, на луѓето. Поради тоа за време на ноќта спроти Велигден во Црквата слушаме како се пее, а и самите пееме: „Воскресението Твое, Христе Боже, го опеваат ангелите на Небесата; удостој нè и нас, на земјата, со срце чисто да Те славиме!" Во Својата молитва пред крсните страданија, Тој од Отецот Небесен измолува на луѓето да им се дарува голема радост: „Освети ги со Својата вистина... за да ја имаат во себе Мојата радост полна" (Јн, 17,17, 13).

Со Воскресението Христово, на човекот му се отвори нов свет на светоста и вистината на блаженствата. За време на Својот овоземен живот, Спасителот повеќе пати зборувал зборови кои се скапоцени за душата што верува: *Јас живеам и вие ќе живеете* (Јн. 14,19) и *Мирот Свој ви го давам вам* (Јн. 14,27). *Ова ви го реков, за да остане радоста Моја во вас, и радоста ваша да биде полна* (Јн. 15,11).

За човекот се отвори нов живот. Нему му е овозможено да умре за гревот, за да воскресне со Христа и да живее со Него. *Во Посланието до Римјаните*, апостол Павле вели: *Ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во воскресението... ако сме умреле со Христа, веруваме дека со Него и ќе живееме* (Рим. 6, 5; 8).

„Пасха, која дверите рајски ни ги отвора", пееме во Пасхалниот канон.

Не постои, драги мои, посветла радост од пасхалната. Ние се радуваме дека во Воскресението ни се отвори нашиот вечен живот. Нашата пасхална радост – тоа е радоста од преображението на целиот наш живот во живот непропадлив, заради нашиот стремеж кон бесмртното добро, кон нераспадливата убавина.

Ние сега го празнуваме совршувањето на великата тајна на Воскресението Христово, победата на Животодавецот над смртта! Нашиот Спасител триумфира над злото и темнината, и поради тоа богослужението на нашата Православна Црква е толку исполнето со торжество и радост. Верните ја исчекуваа оваа свечена богослужба, подготвувајќи се за неа во долгите седмици на светата Четириесетница. Природно е што срцата сега се исполнети со неопислива радост.

Најдлабоката смисла на Воскресението Христово се содржи во вечниот живот што Тој им го дарува на сите Свои следбеници. И еве, веќе речиси две илјади години Неговите следбеници непоколебливо веруваат не само во тоа дека Христос воскреснал, туку и во своето идно воскресение за вечен живот.

За време на Неговиот овоземен живот, Христос повеќепати за Себе зборувал како за носител на живот и воскресение. Меѓутоа, тие зборови на божествениот Учител тогаш биле неразбирливи не само за народот, туку и за Неговите ученици и апостоли. Смислата на тие зборови станала разбирлива дури по Воскресението Христово. Дури тогаш Неговите ученици сфатиле дека Тој навистина е Владика на животот и Победител на смртта. И тие пошле да Го проповедаат тоа по целиот свет.

Возљубени, во овие радосни денови ние си честитаме едни на други со зборовите Христос воскресе! Така ќе се поздравуваме во текот на следните четириесет дена, до денот на Вознесението Господово. Само два збора! Меѓутоа, тоа се прекрасни зборови кои ја изразуваат непоколебливата вера во нашата бесмртност, најрадосна за човечкото срце. Христос е Живот! Тој многупати зборувал за Себе токму како за носител на животот и воскресението, како за извор на живот вечен, бесконечен за оној кој ќе верува во Него.

Христос воскресна – и нашата душа нека радува во Господа!
Христос воскресна – и исчезнува нашиот страв пред смртта.
Христос воскресна – и срцата наши се исполнуваат со радосната вера
дека после Него и ние ќе воскреснеме.

Да се празнува Велигден – тоа значи со сето срце да се познае
силата и големината на Воскресението Христово.
Да се празнува Пасхата – тоа значи да се стане нов човек.
Да се празнува Велигден – тоа значи со сето срце и мисли да Му се благодари
и да се прославува Бог поради Неговиот неискажлив дар на воскресение и љубов.

И ние, заедно со вас, во овие денови ликуваме и радосно прославуваме, фалејќи и прославувајќи го подвигот на победата на божествената љубов.

# ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!

Да ги отвориме нашите срца за средбата со Оној Кој заради нас пострада, умре и воскресна. Тој ќе влезе и ќе го исполни нашиот живот со Себе и Својата светлина, преобразувајќи ги нашите души. Ние пак, како одговор на ова, со љубов ќе појдеме по Него по нашиот крсен пат оти на неговиот крај, несомнено, блеска нашето воскресение за живот вечен.

Да се празнува Велигден – тоа значи да се стане нов човек. Тоа спасоносно положение на душата, возљубени, ви го посакувам од сè срце!

СВЕТИ ТАЈНИ

# СВЕТАТА ЛИТУРГИЈА *не е ниту за гледање, ниту за слушање*

ПРВ ДЕЛ



Атанасиј, Митрополит Лимасолски

Светата Евхаристија е најголемото дело кое човек може да го направи, најголемата чест, најголемата привилегија која Бог му ја дал на човекот, а тоа е – да учествува во Христовите Тело и Крв и уште повеќе, сам да ја извршува, да стане орган на благодатта, да го соврши тоа страшно и неискажливо таинство на Светата Евхаристија.

*„За да им бидат на оние, кои се причестуваат, за трезвеност на душата, за простување на гревовите, за заедница со Светиот Дух, за наследство на Царството Небесно, за смелост кон Тебе, а не за суд или на осуда.“*

Да ги разгледаме овие изрази еден по еден.

Знаеме дека одиме на Света Литургија најмногу за да се причестиме. Светата Литургија се совршува најмногу, за да учествуваме во Светите Дарови, во Телото и Крвта Христови. Се разбира, пожелно е постојано да бидеме подготвени да се причестиме, но бидејќи сме немоќни луѓе, убаво е да го прашаме свештеникот кај когошто се исповедаме и од него да побараме разрешение или совет околу тоа колку често треба да се причестуваме. Тоа не значи дека толку и толку пати сме достојни, а толку и толку недостојни, туку, ова го правиме за да можеме постепено да напреднеме и да станеме уште подостојни и восприемчиви за Божјата благодат. Во секој случај, Светата Литургија се совршува пред сè за оние коишто ќе се причестат.

Таа не е ниту за гледање, ниту за слушање. Таа не се служи за да ја проследиме, слушаме и гледаме, туку за да учествуваме, да се причестиме, да станеме учесници во принесеното благодарење (=Евхаристија).

## Што значи тоа душата да е трезвена?

Што означува ова трезвение на душата? Терминот трезвение или глаголот νηφω означува дека се наоѓаме во будна состојба. Од богословието на Црквата знаеме за трезвениот труд на отците кои се занимавале со него. Се разбира, сите светители живееле во трезвеност, бдееле во душата, за да можат да ги избегнат замките и клопките на сатаната. Како што вели и св. Ап. Петар, „Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта“ (1Птр. 5,8). Со други зборови, да бидеш буден, да бдееш постојано, да внимаваш, зашто противникот како лав рика, обиколува и бара некого да голтне. Гледате дека не пишува некого да касне, туку целиот да го голтне, да не остане ништо од него. Не само да го рани човекот, туку целиот да го проголта. Трезвеноста на душата е еден од најнеопходните елементи во духовната борба, т.е. човек треба да биде буден, да не спие, умот да му биде буден, да не биде окраден од сатаната, да не дреме и да не прави грев неосетно. Трезвениот труд е цела една наука која се однесува, од една страна, на трудот на човекот, но има и друга – Божјата благодат.

Велиме, дека овие Дарови во Евхаристијата се за трезвеност на душата оти, кога се причестуваме, учествуваме во животворната енергија на Светиот Дух. Животот кој Христос ни го дава доаѓа во нас и тогаш сме духовно будни. Божјата благодат е енергија, страшна енергија, која го опкружува и покрива целиот човек, го пази, го предупредува, му го насочува вниманието кон сè што го посетува со цел да го опрелести. Тоа што тука зависи од нас е да разбереме дека е нужно постојано да бидеме будни.

Спротивно на трезвението, кое е знак за духовна виталност, е бесчувствието на душата. Од нашиот личен живот, но и од животот на луѓето околу нас, знаеме дека пред да Го познаеме Христа, или додека сме биле духовно незрели, сме правеле многу нешта и ништо не сме разбирале. Сме вршеле гревови, сме живееле во небрежност, без ништо да разликуваме и ништо не сме разбирале. На некој начин, сè било спокојно. Како ништо да немало – ниту војна, ниту неспокојство, ниту тревога, ниту помисли, ништо. Зошто? Затоа што сме биле опиени, во сон, во длабок сон. Околу и во нас се случувале различни нешта, но ние сме немале поим, абер сме немале за она што се случувало околу нас, и за она што самите сме го правеле.

Кога Божјата благодат ја посетува нашата душа и настапува првото будење кон духовен живот, тогаш почнуваме постепено да ги осознаваме различните нешта што ги правиме – различните гревови, и да сфаќаме дека тоа нешто не е правилно, тоа е грев, Бог не го сака тоа. Почнуваме да чувствуваме тага за прегрешенијата што сме ги извршиле. Нашата совест постепено станува почувствителна, започнува да нè разобличува, да нè гризе, да не нè остава на мир, да нè притеснува, за не само малку по малку да се поправиме, туку најмногу за да здобиеме покајно чувство. Тоа е така затоа што бесчувственоста на душата нè тера да се чувствуваме многу добро и да немаме никакво покајание во нас. Оваа појава може да се види кога човек оди да се исповеда за прв пат. Ако на исповедта не ѝ претходи период на духовен подвиг, тој оди да се исповеда и не наоѓа гревови кај себе, чиниш како да вели: „Ништо не сум направил“.

Тој не чувствува никаква причина за покајание во себеси. Напротив, не само што не чувствува причина за покајание, не само што мисли дека нема никаков грев, туку е подготвен да започне и да се фали дека е многу добар човек, дека на сите им служи, дека го љуби сиот свет, не осудува, не направил никакво зло во животот, сите луѓе имале корист од него и дека тој им проштева на сите. Тој не наоѓа никаков грев. Се извинувам што ќе го кажам ова, но тоа е врвот на бесчувствието, на душевното бесчувствие.

Сите ние го имаме ова бесчувствие, и јас, и секој еден човек. Од друга страна, светите луѓе, кои навистина надворешно не направиле ништо, и нивниот живот бил во

склад со Божјите заповеди, кога се исповедаат, тие имаат покаен плач. Нивниот живот е едно длабоко покајание. Човек се прашува, за што се кае светителот? Што сторил? Надворешно – ништо не направил. Но, неговата душа, штом еднаш се разбудила, тој има покајно чувство во себе, исчезнало бесчувствието, гледа колку е Бог далеку, а тој самиот каде се наоѓа, сфаќа колку е свет Бог и колку е грешен тој самиот. Сфаќа што е Бог, а што е човекот. Ја гледа бескрајната љубов што Бог ја има кон човекот, и гледа богатите дарови со кои нè дарил Бог, гледа колку можности ни дал и како нè украсил со толку добродетели и дарови, а ние ништо не правиме, не одговараме, не возвраќаме на таа љубов Божја. Доволно е ова, за неговата душа постојано да пребива во покајание. Се разбира, неговото покајание е животворно, зашто ја буди душата и започнува да дела со сето она што Бог ни го дарувал.

Кога човек има длабоко покајание, тогаш дури и да чудотвори, гордоста веќе не може да му се доближи. Покајанието е како пламен, како оган, од кој гори срцето на човекот, и што и да се случи, не го допира. Како човекот кој има голема мака, на пример, оној кој изгубил некој свој драг човек, ближен, или своето дете: болката од таа тага го гори и тој човек, што и да види, што и да прави, ништо не го допира, ништо од овој свет не го заведува, затоа што преживува длабока болка во себеси. На истиот начин, во душата на светителот пребива едно покајно чувство и ништо од овој свет не го возбудува. И сиот свет да му се поклони, и да го почитува и прослави – за него, тоа е ништо. Тој се одвраќа од ова. Светот да го похули, да го плукне, да го понизи – повторно ништо. Тој на сето гледа како на еден спектакл што поминува.

Божјите луѓе не се самозалажуваат, зашто нивното покајание им помага да стекнат трезвеност, да бидат будни, да ги промислуваат нештата. Затоа рековме дека светителите биле многу умни луѓе, зашто личат на снајперист кој се загледува и на нишан зема некој предмет, и не гледа лево-десно, туку гледа точно во целта и, штом таа се покажува, пука и добива награда. Светителот е како добар ученик кој има желба да чита, и во секое време од денот и на секое место чита. Ништо не му го одвлечува умот, тој му е во лекциите. Истото нешто се случува и со Божјите луѓе – ништо не може да ги измами, зашто живеат во трезвеност и будност кои ги тераат непрестајно да го насочуваат својот ум и срце кон Бога.

Бесчувственоста која нè покорува сите нас е плод на прекршувањето на Божјите заповеди. Кога ги прекршуваме Божјите заповеди и не се каеме, туку повторно грешиме, тогаш гревот заличува на предмет кој постојано ја трие острината на совеста, ја затапува и потоа совеста станува толку отапена и изабена, што човек не може да сфати било што. Постојаното прекршување на Божјите заповеди води кон бесчувственост или кон умртвување на срцето. И тогаш е потребно чудо за да може човек да воскресне. Поголемо чудо е да восресне мртвата душа, потопена во смрт и гревови, отколку биолошки мртвиот човек. Бог најмногу се интересира за воскресението на душата. Тоа секојдневно го гледаме во Црквата. Тоа што нè крепи и восхитува пред величието на Божјата слава не се чудата – некој човек да оздрави или некој мртовец да воскресне, тоа е времено чудо – туку, кога гледаш како човек – мртов по душа – влегува во Црвата, во исповедта каде



*Литургија. Црква „Св. Андреј Првопоквикан", Санкт-Петербуршка митрополија (РПЦ-МП).*

## БОЖЈИТЕ ЛУЃЕ НЕ СЕ САМОЗАЛАЖУВААТ, ЗАШТО НИВНОТО ПОКАЈАНИЕ ИМ ПОМАГА ДА СТЕКНАТ ТРЕЗВЕНОСТ, ДА БИДАТ БУДНИ, ДА ГИ ПРОМИСЛУВААТ НЕШТАТА.

еден животворен здив го покрива тој човек и душата му воскреснува. Тогаш дејствително се зачудуваш пред величието на Божјата сила. Во исповедта ние стануваме сведоци на илјадници вакви чуда. Таму е големото чудо на Божјата љубов – кога мртвите души воскреснуваат и Бога Го наоѓаат. И потоа, она што порано било тешко, станува многу лесно. А она, што порано било многу лесно, станува одвратно и тешко. Ако му кажеш на човек кој не вкусил од Божјата благодат дека треба да се моли, да пости, да оди во црква и да ги почитува Божјите заповеди, нему тоа му изгледа тешко, го фаќа очајание, на тоа гледа како на обрач што го стега. Но, откако ќе го посети благодатта, тогаш, ако му речеш да излезе некаде надвор, да се забавува и игра, ќе се покаже дека тој не може ни да го посака тоа, зашто нештата се смениле. Кога нечистиот дух ќе излезе од човекот – духот што порано му бил во срцето и владеел со него, терајќи го да биде согласен со духот на овој свет, и да наоѓа утеха онаму каде што е кнезот на овој свет – кога ќе влезе Христос, тогаш духот на овој човек не наоѓа мир онаму каде што има световен дух. Земете еден Божји човек и одведете го во некој ноќен клуб, или пивница да речеме, тој нема да издржи таму, ќе експлодира.

Ќе се запрашаме: зарем е грев да одам во дискотека, грев ли е да одам на забава? Прашањето не е дали е тоа грев или не е. Туку дека тоа е критериум за тебе, за тоа каква е твојата духовност. Ако ги посетуваш ваквите места, ако наоѓаш спокој на такви места, тоа значи дека Божјиот Дух сѐ уште не дејствува на тебе. Како е возможно да наоѓаш утеха на место на кое се пројавува гревот, каде што се прославува сатаната? Невозможно е. Тоа значи дека Духот Божји не почива во твоето срце, дека тоа сѐ уште спие и се води војна за тоа какво ќе биде срцето штом се разбуди. Тоа е голема борба, не е тоа нешто мало.

Светителите го поминале животот молејќи се со многу солзи, Бог да ја воскресне нивната мртва душа. Тие настојчиво го проселе ова од Бога. Инаку, добриот Бог, за да не нѐ обесправи, ни дал можност на духовен начин да го искористиме сето она што се случува околу нас. Така, ако секое положение, секоја болка, секое премрежие, секое искушение, па дури и секој пад духовно го искористиме преку смирение и покајание, тоа ќе стане алат со којшто можеме да го разбиеме нашето закоравено срце. И како што рековме претходно, дека прекршувањето на Божјите заповеди води кон бесчувственост и умртвување на душата, така и спротивното е точно – чувањето на Божјите заповеди води кон оживување на нашата душа и до поразување на бесчувствието. Токму затоа отците како основа го поставуваат верното пазење на Божјите заповеди. Со други зборови, ако сакаме да бидеме духовно здрави, тогаш не треба да се заблудуваме.

Постои еден пат – верното запазување на Божјите заповеди. Тогаш нанесуваме удар на каменот што ја прекрива нашата душа, каменот што е тврд како гранит и не ѝ дозволува на душата да ја прими благодатта. Запазувањето на заповедите постепено ја оживотворува душата на човекот кој личи на оној кој има радио, но нема струја, нема батерии, - и веднаш штом го вклучи во приклучница, радиото започнува да ги прима звучните бранови и да го пренесува примено од радиостаницата. Истото се случува и со срцето на човекот, веднаш штом тој се разбуди од летаргијата на гревот. Душата започнува да ги прима Божјите посланија и порано гневливиот, блуден и мртов човек станува кроток, трпелив, смирен, започнува да се издига над земните работи и постепено да врви по Бога. Верното запазување на Божјите заповеди е клучот кој го крши бесчувствието на срцето.

*Продолжува во следниот број*

ЖИВОТ

# МОЌТА НА ПАРОХИЈАТА

Протопрезвитер Андреј Ткачев

Оттуѓените луѓе се способни за малку нешта. Напротив, луѓето кои се збиени, организирани, може да направат многу работи. Во историјата отсекогаш недостасувале луѓе кои стремеле кон „организирање“ на народните маси во корисни цели. Една од задачите на Црквата е – не од корист, не за да се преживее, туку поради Христа – да се организираат живи парохии, обединети во молитва, заедничко дело и раководење од парохиското духовништво.

Може да се отпочне со прости нешта. Свештеникот, пред почетокот на богослужбата, да им се обрати на парохјаните: „Браќа и сестри, во следните неколку дена ќе се породи една наша сестра. Ве молам, денес на службата помолете се за успех на нејзиното прво породување“. Ова дело не е тешко, но е големо. Ние сме толку нурнати во егоизмот, што дури и на *заедничкото дело*, Литургијата, доаѓаме со лични молитви и желби. Ваквите молби од свештеникот, за молитва, раѓаат љубов и сочувствителност.

Животот, пак, од своја страна, нема да дозволи да ни биде досадно – постојано ќе нуди нови поводи за молитвено учество во животите на другите. „Мажот ѝ си замина.“ „Децата се разболеа.“ „Треба да најде работа.“ Заедничката молитва на луѓето честопати, ако не и секогаш, раѓа одговори во облик на чуда. Децата ќе оздрават. Мажот ѝ ќе се вразуми. Ќе најде работа. Луѓето ќе осетат дека молитвата влијае врз светот. Не е тоа празен обред, туку лостот за којшто мечтаел Архимед. Како што велел Паскал: „Бог, Кој е Прапричина на постоењето, преку молитвата и нам ни дарува да бидеме причини“.

Токму од молитвата треба да се започне. Кога молитвата, иако присилна, ќе потече – тогаш ќе се јават нови неодложни задачи. На пример, прашањето со парите. Обласа на обрт на пари е област на проверка на човекот. Оној кој не ја знае „таблицата на делење“, кој не умее да дава, едноставно речено – не може да биде христијанин во суштина. Тој е паразит оттуѓен од секаков морал, меѓу другото, и од христијанскиот. И духот на ова време е токму заклучен, како духот во аладиновата ламба, во категориите на лакомост и материјална корист. А бидејќи Црквата ја сочинуваат не само спасените, туку и оние кои се спасуваат, т.е. оние во кои гревот не е умрен, туку делува, тогаш сето ова се однесува на Црквата. Лакомоста и затвореноста во материјалноста внатре Црквата е гревот на Јуда. Тоа дури веќе не е ниту Црква, туку нејзин мрачен близнак. И за тоа треба да се говори, во друга прилика и трезвено. Не сега.

Сите ние сме несреќни, осамени. Заедно пак, ако не сме богати, тогаш барем не сме бедни. Секоја парохија, мудро раководена од еден пастир кој владее преку неговиот авторитет во очите на парохјаните, може да реши мноштво животни проблеми. Може не само да се реновира и гради, туку и да се помогне на другите. Лекови, кирија, тековни поправки, облека, јадење, сето тоа може повремено да се набави од парохијата за оние на кои им е потребно такво нешто. Никој нека не се смета себеси неспособен за

милостина, ако е сиромашен. Неспособниот за милостина е осуден до последен здив да биде сиромашен во животот. Евангелската вдовица и нејзините две лепти е жив прекор за сите кои не сакаат да мислат за туѓите потреби.

Во една беседа, Златоустиот советувал в недела секоја христијанин да тргне пари на страна, макар и многу малку. Тие пари треба да се сметаат за свети, и од нив да биде бездруго забрането да се зема. Тие пари се свети зашто се тргнати заради Бога, за оние на кои им е потешко од тебе. При ваква навика, и најсиромашниот човек ќе биде во состојба да даде реална милостина, еднаш месечно. И ќе ја дава на човек кого го познава, таму каде што е потребна. Во случај на поголема потреба, нема да биде потребно да се лишува семејството од нешто, зашто парите ќе бидат веќе собрани. Овој совет е очигледно банален, но поради нашето неделување звучи како досега нечуени зборови, кои Павле ги чул на третото небо.

Молитва, и она што нејзе ѝ следува – љубов и ублажување на имотната нееднаквост, лечење на животни рани преку христијанското милосрдие – ете, тоа се очекува од нас. Секако дека времето во кое живееме ќе остави свој печат. Навикнати сме на тоа дека порано некој (Антониј, Серафим, Сергиј) достигнал реална светост, дека кон него доаѓале ученици. Луѓето тежнееле кон светото, буквално како кон сонцето – за да се загреат. Се појавувале манастири околу кои со радост се населувале немонаси. Светоста на една душа загревала илјадници души, градела постојаност, му давала смисла на постоењето. Денес многу нешта се промениле.



ЕВАНГЕЛСКАТА ВДОВИЦА И НЕЈЗИНИТЕ ДВЕ ЛЕПТИ СЕ ЖИВ ПРЕКОР ЗА СИТЕ КОИ НЕ САКААТ ДА МИСЛАТ ЗА ТУЃИТЕ ПОТРЕБИ.

Ако сите ние чекаме или бараме реална, чудотворна светост, за околу нејзините нозе да си го најдеме мирот и смислот на животот, ризикуваме да умреме во состојба на неспокојство и бесмисленост. Животот во нашево време се гради не околу столбови на светоста, туку околу живи парохии во кои средиште е Евхаристијата. Надвор од нејзините граници делува меѓусебна помош и братски односи, кои никнуваат врз темелот на заедничка вера и молитва.

Од свештеникот се очекува светост. Таа е пожелна. Но, треба да почнеме денес. Значи, не со светоста која ја немаме, туку искрено, нелицемерно и енергично, без дрскост. Ќе има модринки и гребнатини. Ќе има падови и подеми. Но, *борбата не доаѓа поради слава и живот на Земјата*. Православното христијанство е повикано на светот да му го објави својот Лик – евхаристиски, делателен и милосрден истовремено. И никој нека не биде мрзелив, оти секоја парохија има што да вложи во заедничката каса.

интервју



# ЧИТАТЕЛИ КОИ НЕ ЧИТААТ

Интервју со архимандрит Тихон Шевкунов

Во издание на Кумановско-осоговската епархија наскоро треба да се излезе од печат книгата „Несвети а свети“, чиј автор е архимандритот Тихон Шевкунов. Отец Тихон е наместник на московскиот Сретенски манастир, ректор на Сретенската духовна академија, секретар на Патријаршискиот совет за култура, копретседавач со Црковно-државниот совет за заштита од алкохолизам, црковен писател и дипломиран режисер. За книгата и нејзиниот прием кај читателската публика, но и за прашања од современиот живот во црквата разговараше Елена Бејлина.

**?** ***Оче Тихон, кажете ни, како настана оваа книга? Како дојдовте на идеја да ја напишете и зошто?***

Овие приказни честопати им ги раскажував на моите студенти, пријатели, на браќата во манастирот. Некои од оние на коишто им ги раскажував, ме замолија да ги запишам, и - бидејќи ме бидува за пишување - во одреден момент книгата го доби својот облик, и ми се виде како интересна. Знаете, јас навистина мислам дека секој писател се обраќа, пред сѐ, на одредени луѓе. И другиот важен, иако, малку себичен аспект, е дека тоа што го пишуваш [треба] и на тебе

самиот ти е интересно. Значи, почувствував дека овие два елементи беа присутни. Работата траеше две години. Требаше текстот да го менувам единаесет пати, пред да почувствувам дека е спремен да се предаде на уредниците. Резутатот на сето тоа беше оваа книга.

Искрено, додека ја пишував, свесно си поставив задача на себеси – читателите да ги воведам во еден поинаков свет, населен од свои јунаци, свој простор и свое време. Си велев: „ако го постигнам ова – сè сум постигнал.“

**?** ***И покрај оваа важна задача, повеќе пати имате кажано дека сте биле изненадени од „неочекуваните успех“ на оваа книга. Како го објаснувате феноменот на оваа книга меѓу пошироката читателска публика?***

Тешко е да се процени. Бидејќи овие приказни не се мое творештво (јас само ги прераскажав и посведочив), во случајов се работи за животот што Христос го воспоставил пред две илјади години. Очигледно е дека книгата ја допре стварноста од духовниот живот на многу луѓе, дури и на оние кои се далеку од било каква религиозност и неделни црковни собирања. За мене беше исклучително важно и интересно тоа што голем број луѓе, во оваа книга ја пронајдоа својата судбина. На крајот од краиштата, како што рекол древниот писател Тертулијан: „Душата на секој човек е по природа христијанка“.

Книгава има свој живот: примивме десетици илјади пораки по пошта и преку интернет. На 5 октомври 2012 г. се одржа нејзината промоција [на англиски јазик] во Конгресната библиотека во Вашингтон; на есен ќе биде готов преводот на француски, во Грција излезе од печат второто издание, а книгата на шпански јазик е во подготовка. Во Русија, за една година, книгата е продадена во милион и сто илјади примероци, а како што ми пренесоа стручни лица, има четири милиони преземања на интернет.

**?** *Патем, зошто не постои легална копија на интернет?*

Не сторивме ништо за да го спречиме слободниот пристап до електронската верзија.

**?** ***Никогаш не би можела да преземам пиратска верзија од оваа книга. Многу интернет читатели ми имаат кажано дека, откако ја презеле книгата од пиратски сајтови и прочитале неколку поглавја од неа, пошле во книжара и купиле печатена верзија за да ја прочитаат до крај. Мора да признаете дека ова е единствена ваква ситуација за една современа книга.***

Да, книгата живее еден сопствен живот, а јас дури и се дистанцирав од нејзината понатамошна судбина. Се случуваа навистина некакви неверојатни работи. Неодамна, отец Матеј Самокхин ми раскажа дека кај него дошла една жена која паднала во толку безизлезна ситуација, што одлучила да изврши самоубиство. Подготвила апчиња, но се двоумела. Нејзиниот поглед паднал врз книгата која неодамна ја добила како подарок: „Несвети а свети“. Во една тава критичка состојба седнала и започнала да чита; ја читала цела вечер, а утредента пошла во црква да се исповеда. Што може да биде поголема награда од ова за еден свештеник, писател, човек? Во ваквите случаеви сфаќате дека вие сте никој и ништо – дека вие сте само инструмент на Божјата промисла; сте направиле нешто што ни самите потполно не го разбирате... И тогаш, одеднаш, започнувате да работите со многу повеќе сила, отколку што сте можеле да претпоставите.

**?** ***Едно сосем природно прашање од вашите читатели: дали ќе има продолжение?***

Размислувам за тоа. Во последно време многу патував низ земјата, и најчесто се среќавав со студенти. Тие неретко со мене ги споделуваат нивните животни приказни. Така и дојдов на идеја да напишам втор дел од книгата, и да им понудам на луѓето да ги испратат нивните вистински приказни на нашиот веб сајт, pravoslavie.ru. Најдобрите би ги објавиле за дискусија, и оние, кои читателите би ги избрале за најдобри, ќе бидат објавени во книгата.

За мене, лично, ова е добра идеја – продолжение на книгата – но, за жал, јас едноставно немам време. Јас сум свештеник и манастирски игумен, ректор на богословијата, црковен човек со многубројни рутински обврски. Тоа е причината зошто оваа книга практично никогаш не се пишуваше на биро, туку „на колена“; во автомобил, во авион, на работни патувања, во хотели, во различни земји – од Јапонија до Грција.

Општо кажано, кога веќе ги спомнавте плановите, имав сон да направам филм, а не книга, дури направив и договор со една наша централна телевизија, да снимиме серија од осум епизоди, во која главни ликови би биле двајца луѓе. Едниот – руски светител – архиепископот Лука Воено-Јасенецки – професор, надарен лекар, кој за време на најлошиот прогон на Црквата, во 1927 година станал свештеник, а подоцна и епископ. Бил [затворен] во логор, од каде бил привремено пуштен на слобода, за да работи како хирург. Живеел подвижнички, и ја примил првата Сталинска награда за книгата за пурулентна хирургија, која ја користеле неколку генерации од советските лекари. Другата личност – Сталин. Тоа се два, потполно раздвоени светови во Русија од тоа време.

Значи, прв пат во животот зедов одмор од еден месец, појдов во Грција, под Атос, и ги напишав сите основни моменти од сценариото, а потоа појдов до Солун; ја оставив торбата со компјутерот во автомобил, влегов во една продавница, и кога се вратив назад, видов дека прозорот од автомобилот е скршен, а торбата со лаптопот украдена.

Така што, за да го остварам овој сон, ќе мора да најдам барем еден месец слободно време.

**?** ***Доста патувате, доста разговарате со младите. Какви прашања ви поставуваат студентите?***

Од нашите разговори станува очигледно со кои важни прашања се соочуваат младите луѓе денес, а тоа значи и целото општество. Главниот проблем, покрај прашањето на верата, се меѓунационалните односи. Друг голем проблем е алкохолизмот, пијанството и наркоманијата. Дали се сеќавате, ние го спасивме народот на Северот, да не се убива себеси со алкохолот? Сега истото прашање треба да му се постави на рускиот народ. Зашто, ако државотворниот руски народ не покаже вистинска поддршка, руските провинции ќе продолжат да се упропастуваат со пиењето. Без лажење ќе кажам дека огромен дел од оваа сложена работа е изработен, но ретко кој знае за тоа. Постепеното усвојување на нови и разумно рестриктивни закони на младите им нуди една поздрава алтернатива.






ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦА Е ГОЛЕМ И СЕКОЈДНЕВЕН КРЕАТИВЕН ПРОЦЕС. ТОА Е ТЕШКА РАБОТА ШТО ГИ ОЧЕКУВА РОДИТЕЛИТЕ И ПОСТОЈАНО, МУДРО ВНИМАНИЕ НАД ДЕЦАТА. ПОТПОЛНО СУМ УВЕРЕН ДЕКА РОДИТЕЛИТЕ НЕ ГО ПОЗНАВААТ ЖИВОТОТ НА СВОИТЕ ДЕЦА.

Постои уште едно прашање, за кое веќе зборувавме: недостатокот на здрава и разумна хуманитарна политика. Нас нè убедуваат дека Западот нема идеологија. Простете, но што е со Холивуд, на пример? Зарем не е тоа идеолошка машина која „гради“ сè во Америка, дури и во сиот свет, во склад со своите одеолошки шаблони?

**?** ***Вечното прашање – конфликтот меѓу татковци и синови – во нашиот век поприми нови обележја. Користењето на интернет, или компјутер, денес е и корисно, и опасно. Нашите читателки – мајки се загрижени поради зависноста на нивните деца од интернет, компјутерски игри и гацети, и ви се обраќаат со прашањето што треба да направат, за нивните деца, тинејџери, да се чувствуваат добро, и тоа не само во виртуелниот свет, туку да станат вистински вредни луѓе во реалниот свет. Како да пронајдат рамнотежа?***

Воспитувањето на деца е голем и секојдневен креативен процес. Тоа е тешка работа што ги очекува родителите и постојано, мудро внимание над децата. Многупати сум исповедал луѓе на смртна постела. Нивните исповеди не се за тоа дека не заработиле милион долари, дека не изградиле луксузен дом, или дека не биле успешни на работа. Луѓето во своите последни часови жалат што не направиле некое добро, што не ѝ помагале и не ја поддршале својата фамилија, пријатели, дури и случајните минувачи. Друга работа што ги мачи е дека на своите деца им посветувале малку време.

Потполно сум уверен дека родителите не го познаваат животот на своите деца. Снимивме филмови против злоупотребата на алкохолот и разговаравме со едни девојки кои учат во одлични училишта. Овие девојки пијат алкохол секојдневно – добро рекламирани енергетски коктели, пиво, и сè друго... Секојдневно! Според руското Одделение за потрошувачи, 30% од сите момчиња и 20% од сите девојки постари од 13 години конзумираат по едно алкохолно пиење дневно, секој ден, а нивните родители не знаат за ова. Знам и дека многу тинејџери на возраст од 13-14 години живеат како возрасни, и додека да наполнат 17 години, веќе имале по неколку „партнери“.

За жал, ваквите појави не се реткост. Но, јас не го знам нивниот точен број. Колкав процент од денешното поколение ќе создаде нормално семејство, кога голем број бракови во денешно време се распаѓаат по две години!? Значи, ако говориме за односот меѓу родители и деца, изгледа дека прво мора да говориме за едно постојано, секојдневно, но исто така и ненаметливо надгледување. Тоа е огромна задача.

**?** ***Ајде да се вратиме на книгата. Знам дека приходите од нејзината продажба се користат за изградба на црква.***

Да, во манастирот имаме црква. Но, таа не може да ги прими сите верници, па многумина мораат да стојат и да се молат среде улица, дури и зиме. Сретенскиот манастир се наоѓа на улицата Лубјанка, а знаеме што се случило таму во минатиот век. Ние сакаме да подигнеме црква која ќе биде посветена на руските новомаченици и исповедници во Лубјанка. Осветувањето на оваа црква ја планираме за февруари 2017 година. Сите средства од продажбата на книгата во Русија и странство се наменети за изградбата на овој храм.

**?** ***Во манастирот имате печатница. Какви книги печатите?***

Нашата издавачка куќа, пред сè, објавува религиозни книги. Објавуваме книги за древните подвижници, светите отци, историски, апологетски книги, голем број од класичната литература, како и учебници за нашите високообразовни институции. Овие учебници, исто така, се користат и во световните училишта.

Покрај ова, објавуваме и уметнички книги. Секоја година објавуваме околу 250 до 300 книги. Во суштина, ова е нашето главно послушание и истовремено, главен извор на приходи. Освен тоа, имаме и средно богословско училиште во кое околу 200 ученици учат 6 години, а ние ги издржуваме додека учат. Имаме и дом за деца во кој се наоѓаат 100 воспитаници кои доаѓаат од проблематични и дисфункционални семејства. Им пружаме финансиска поддршка, а со нив работаат професионални наставници и воспитувачи, како и свештеник. За работата на сајтот pravoslavie.ru, исто така, ни се потребни пари. Така што, би рекол дека нашата издавачка куќа ги покрива овие хуманитарни, образовни и финансиски потреби.

**?** ***Што вие сакате да читате?***

Знаете, порано ги „голтав“ книгите. Моите омилени романи од Достоевски ги читав по двапати годишно. Ги сакав и големите дела на Лав Толстој, како и западните класици. И секако, Пушкин... Но, нешто се случи пред триесет години, и речиси престанав да ги читам тие дела, зашто открив еден цел континент со друга литература – св. Јован Лествичник, св. Исак Сирин, св. Јован Златоуст, св. Игнатиј Брјанчанинов, св. Теофан Затворник... Нивните дела се толку грандиозни, што откако ќе се запознаете со нив, не ви е лесно да се вратите на бестселери. Од време на време читам мемоари; не сакам научна фантастика. Да бидам искрен, се чувствувам малку оштетен дека не читам современа книжевност, но што да кажам. Сè се средува со текот на времето. Би требало да читате додека сте млади, и додека имате време – а и цел живот е пред вас.

***Ви благодарам на интересниот разговор.***



Подлинный рассказ матушки Фроси

записанный мною на магнитофон и тщательно перепечатанный лишь с самыми небольшими исправлениями

Когда была я еще маленькая, зародилось у меня желание такое: не хочу я замуж идти!

Отец частенько выпивал. Бывало, как не вернется засветло, знай – ночью придет со скандалом. И вот мы с мамой и ждем, дрожим...

Слышим, батюшки, «хлоп!» Калитка... Отец идет пьяный.

Приходит.

– Давай ужин! – когда бы ни пришел.

Мама дает ужин...

Понравилось, не понравилось – бросит тарелкой в маму!

Я поглядела-поглядела на все это и говорю:

– Царица Небесная, сохрани Ты меня от этого замужа!

Была у нас соседка, Улита. У ней два пальца где-то оторвало. Я и думаю: «Господи, хоть бы мне что-нибудь оторвало, чтоб не брали замуж! А то ведь хочешь не хочешь – отдадут!»

Я все только Царицу Небесную просила: «Матерь Божия, Ты меня устрой». Но никому ничего не говорила. Только маме.

Подлинный рассказ матушки Фроси

ВО КНИГАВА САКАМ ДА ВИ РАСКАЖАМ ЗА ЕДЕН СОСЕМ НОВ СВЕТ. ЗА ЕДЕН ПРЕКРАСЕН СВЕТ, ВО КОЈШТО СЕ ЖИВЕЕ ПО СОВРШЕНО ПОИНАКВИ ЗАКОНИ ОДОШТО ОНИЕ ВО ОБИЧНИОТ ЖИВОТ, ЗА СВЕТ КОЈ Е БЕСКОНЕЧНО СВЕТОЛ, СО ЉУБОВ И РАДОСНИ ОТКРИТИЈА, НАДЕЖ И СРЕЌА, ИСКУШЕНИЈА И ПОБЕДИ, ВО КОЈ И НАШИТЕ ПОРАЗИ НИ ОТКРИВААТ ДЛАБОКА СМИСЛА: СВЕТ ВО КОЈ, ПРЕД СÈ, СЕКОГАШ МОЖЕМЕ ДА ГИ ПОЧУВСТВУВАМЕ МОЌНИТЕ ПРОЈАВИ НА СИЛАТА И ПОМОШТА БОЖЈА... ЗА ОВОЈ СВЕТ САКАМ ДА ВИ РАСКАЖАМ ВО ОВАА КНИГА.

*од предговорот на авторот*

интервју



# ОД МУСЛИМАНКА ДО ИКОНОПИСЕЦ

Интервју со Ала Мешчерова

Во животот на Ала Мешчерова сè се одвивало како по правило: земала часови по сликарство на Академијата за уметност „И. Е. Репин“ во родниот Санкт Петербург, а потоа учела иконопис во тверската „Школа за црковни занаети“. Сè се одвивало како по правило, освен една околност: Алфија (името што ѝ го дале нејзините родители) била родена во муслиманско семејство, во кое многу се почитувале вековните традиции на предците Меѓутоа, таа во православието го нашла домот за нејзината душа. На оваа, но и други теми, со Ала разговараше Олга Луњкова

**?** ***Би рекле дека мал е бројот на оние муслимани, особено жени, кои се одлучуваат верата да ја ставаат над семејството. Што ви се случило вам и поради што така одеднаш сте го завртиле тркалото на фамилијарната историја?***

Јас сум родена во муслиманско семејство. И двете баби ми беа верни муслиманки, и двете вршеа намаз. Особено баба ми по татко. Таа, како што наложуваат правилата, неколкупати на ден се молеше, и ме учеше мене на муслимански молитви. Меѓутоа, тие молитви, за жал не

допираа до мене, затоа што ги кажував на неразбирлив арапски јазик. Баба ми не знаеше да ги преведе. Откога знам за себе сум трагала за разбирлива вера, и поради тоа никако не успеав да изградам доверлив однос со Бога.

**?** ***Кога почнаа да се развиваат овие односи?***

По завршувањето на студиите продолжив упорно да трагам по смислата на животот и за почеток го прочитав целиот Куран. Меѓутоа, бидејќи во оваа мудра книга не ги најдов оговорите на моите прашања, започнав да читам најразлични философи: марксисти, идеалисти, за потоа да се преориентирам на Соловјов, Берѓаев и Розанов. Последниот од овие ме заврте кон Христа. Но, патот до Него беше поприлично трновити: кон крајот на осумдесетите години на минатиот век поради неселективниот интерес кон сето она што е паранормално, во себе открив најразни „способности“, па неколку години заглавив во калта на езотеријата, стекнувајќи секакви фобии. Во мојата глава, како што вели отец Андреј Кураев, беше омиленото јадење на руската интелигенција – една каша од будизам, езотерија и теософија. И сето тоа беше зачинето со сос од ислам и бибер на нејсни претстави за христијанството. Е тогаш почнав да го читам Евангелието, кое ноќе го ставав под перница, и само така можев мирно да спијам, зашто ме мачеа кошмари.

Во 1987 баба ми се разболе од рак. Веќе есента таа легна в постела и најмногу од сѐ се плашеше дека ќе мора да умре во зима, што значеше дека ќе биде закопана во ладна земја. Така, еден ден, сосем случајно, на една ликовна колонија на брегот на реката Смољенка зборував со еден наставник, и му реков дека баба ми е на смртна постела и дека по проценките од лекарите, нема да живее повеќе од две години. Тој ми предложи да ме однесе до гробот на блажена Ксенија, затоа што таа им помагала на сите. Кога појдовме, ми покажа каде да запалам свеќа. Ова се случуваше околу четири часот попладне. Искрено се молев, барајќи од Ксенија да ѝ помогне на баба ми и да ѝ ги олесни маките. Од некоја причина толку ѝ верував на таа за мене непозната светителка, што и воопшто не се зачудев кога, доаѓајќи вечерта дома, ја видов баба ми како оди низ станот. Ми рекоа дека ѝ станало подобро токму околу четири часот попладнето.




Меѓутоа, не е сѐ така едноставно. Во тоа време го прочитав Евангелието и постојано бев во храмот, но никкако не можев да се одлучам да се крстам: сепак се работи за промена на верата – сериозен чекор. Знаев дека за моите родители тоа ќе биде голем удар и стравував за нивното здравје. Се молев на Господа да ми даде некаков јасен и недвосмислен знак, за да сфатам дека моето крштевање е Негова волја. И така, еден ден дојдов во црвата на Смољенк. До почетокот на службата имаше околу два часа, така што немаше луѓе во црквата. Стоев во параклисот на света Ксенија Петербуршка, наслонета на еден од столбовите. Одеднаш сиот простор околу мене како да се измени: сѐ исчезна – нема ниту под, ниту таван, воопшто ништо немаше, а истовремено – тоа не беше некаква празнина, туку густо синило, како примрак.

**? *После оваа случка без двоумење се свртивте кон православието?***

Примрак – исто како на мандорлите од новгродската икона „Слегување во адот“. Долго време потоа не сфаќав зошто просторот беше темен, и дури по неколку години кај Дионисиј Ареопагит прочитав дека Божјиот нетварен свет човекот го гледа како примрак. Општо земено, тоа беше неверојатно убаво, апсолутно несфатливо, и веројатно моите чувства беа налик на она што го чувствува едно бебе во мајчината утроба – заштитеност и љубов. Потоа, од таа магловитост што го зазеде целиот простор, кон мене се подаде рака со крсте закачено на ланче. Ја подадов дланката и штом крстето ја допре, истиот момент се вратив во реалноста. Утредента без двоумење појдов и се крстив.

**? *Дали иконописот се јави како гранка од вашата професија?***

Тоа беше Божја Промисла која, исто така, имаше своја предисторија. Чинам дека околу 1994 година мојот живот доживеа глобална криза: прво, творечка - не можев да сликам; второ, човекот кого го љубев ме напушти, силно треskajќи со вратата; трето, поради астмата речиси престанав да дишам. И, најважно - сфатив дека целиот тој хаос од непријатности е резултат на мојот бурен живот претходно. Но, Господ никогаш не нѐ напушта. И сфаќајќи дека за мене нема живот без Божјиот храм, на 6 февруари, на празникот на блажена Ксенија, буквално ползев до нејзината капела, едвај издржав да стојам на службата, за потоа да ми биде многу полесно. Кога на крај престанав да се чувствувам како полужив инвалид, и започнав да дишам колку-толку нормално, се наметна прашањето - како да продолжам да живеам? Дали во 29-тата година да ја променам професијата? Но, сликањето за мене не беше само професија. За да станам сликарка, јас 11 години опсесивно работев по 16 часа на ден. Ако ја променев професијата, тоа ќе значеше дека сите мои напори и жртви биле направени попусто, а сиот мој живот - бесмислен. Случајно дознав за Дивеево и св. Серафим Саровски, и одлучив да појдам таму, да побарам одговор на моето внатрешно прашање, иако немав поим што е тоа манастир или поклоничко патување. Тргнав со една пријателка. До Новгород стигнавме лесно, но понатаму... Наместо пријатно трочасовно патување во удобен автобус, ние 13 часа стоевме во километарски сообраќаен метеж поради снегот. И баш кога конечно заврши таа мака, започна нова: за прв пат во животот - се надевам и последен - се најдов во снег до вратот.



На првите неколку дена во манастирот се сеќавам како на кошмар. Беше многу тешко. Но, јас токму таму повторно се родив. Жената кај која бевме сместени и со која за две седмици во Дивеево успеавме да се спријателите, еднаш ме праша: „Еве, ти си сликарка. Можеби ќе можеш да ми ја насликаш блажена Ксенија?“ Таа молба беше вистинско провидение. Отец Владимир Шикин самиот ми пријде во храмот, забележувајќи ја мојата збунетост. Кога му ја објаснив ситуацијата, тој ми рече дека не

благословува своеволно да ја насликам иконата, дека тоа треба да се научи, за што ме благослови да одам во Твер, во иконописната работилница на Андреј Запрудин. Само тоа ми го рече, и замина. А јас го прашав: „Отец, но што да правам со родителите? Тие се муслимани, нема да разберат, ниту ќе ми дозволат да одам во непознат град...“ Тој само замавна со раката и рече: „Господ ќе те води“. Отец Владимир беше во право: Господ ме водеше, а родителите смирено ја прифатија мојата одлука да учам во Твер. Вистина е дека не им објаснив подетално дека се работи за училиште за црковни занаети. Одејќи по патот на православието и новата професија, секогаш ја чувствував Божјата помош и Неговата Промисла.

**?** ***Никогаш порано себеси не сте се замислувале како иконописец? Како сликарка веројатно сте се восхитувале на делата на Теофан Гркот и Рубљов?***

Уште додека не бев крстена, мислам дека беше 1991 г., бев на изложба на делата од збирката на Рускиот музеј: Кандински, Маљевич, Гончарова, Шагал, Филонов... Но, мене не ме допираа тие - иако тогаш ги сакав сите нив - туку руските икони од збирката на Никодим Кондаков, познат историчар на уметноста. Тоа беше празник, неискажливо чувство на рај и чудо, и тогаш долго време одев како зашеметена. На таа изложба доаѓав десетпати, токму поради иконите; да се гледа Шагал по трет или четврти пат би било незамисливо. Бев вчудоневидена од мајсторството со кое беа насликани иконите. Во нив го здогледав рајот. И за мене тоа беше откровение, оти во времето на Советскиот Сојуз беше вообичаен потценувачкиот однос кон руските икони: италијанската ренесанса се сметаше за добра, а иконата, секако, симпатична е, но... Восхитувањето на иконите живееше во мене сите години кои следеа, и стана како клуч кој одеднаш ми ја отвори вратата во светот на православието. Всушност, веројатно тоа и го определи мојот сегашен, свечен стил.

**?** ***Дали имавте искушенија кога започнавте со сликање на светители или сѐ одеше лесно и благословено?***

Првата икона што ја насликав беше маченииштвото на св. Георгиј. Во тоа време работилницата за иконопис живописуваше два иконостаси за еден белоруски храм, а еден од олтарите беше посветен на свети Георгиј. Потоа ја насликав Света Троица за иконостасот во Дивеево. Општо земено, сите икони што сум ги насликала се некако поврзани со искушенија. Не можам да се сетам на некое чудо, но затоа искушенија имаше колку што сакате. Особено кога се слика престолна икона, крст или иконостас. Првата престолна икона ја насликав на почетокот на новиот милениум за храмот на св. Сергеј Радонешки во Сертолов. Само што започнав со работа, искршив едно ребро. Не се сетив да земам лекови за смирување на болки, ниту лекарот ми предложи такво нешто.

Таблата за икона беше огромна, тешка, и морав постојано да ја кревам, вртам, да ја преместувам од штафелај на маса, а потоа повторно на штафелај. Свештеникот од мене бараше да ја завршам што е можно побрзо, и не сметаше дека ми е потребно боледување, барем додека повредата беше свежа. Поради постојаната физичка болка се наоѓав во еден вид на несвесна состојба, и можеби поради тоа таа испадна многу добро и молитвено. Така велеа сите. Првите две иконостасни икони ми одеа многу тешко, сето време се случуваше нешто, но потоа стана малку полесно, иако и понатаму не одеше сѐ како подмачкано. Една од нив подоцна мироточеше.

Иконата го прикажува небесниот свет. Ние понекогаш заборавам дека зад оваа реченица стои љубовта Христова, дека ние го претставуваме скапоцениот свет на хармоничната Љубов кој не може да биде ниту тажен, ниту натажен, ни мрачен - сето тоа е човечка особина. Православието е радоста на заедницата со Бога. Ние затоа и Го славиме Бога, зашто Тој ни го донел Благовестието за Љубовта. И тоа се одразува на иконите.

МИНАТО VS СЕГАШНОСТ

# ЗОШТО ХРИСТИЈАНИТЕ БИЛЕ ГОНЕТИ ВО ПАГАНСКИОТ СВЕТ?



Протоѓакон Андреј Кураев

Знам нешто поважно од умешноста да се предаде една лекција.
- Што е тоа? – Умешноста да се научи лекцијата.
Г. К. Честертон

Феноменот на гонење на христијаните во Римското царство вообичаено се разбира сосем неправилно. Пред сè, во тој прогон немало ништо „нормално“ (божем се прогонува сè што е ново). Римското царство било правна држава и во него не биле прогонувани ниту философите (колку и да се разликувале нивните гледишта од царските), ниту туѓите секти (култот на персискиот бог Митра бил многу популарен меѓу римската елита), ниту народите кои не верувале во истите нешта во кои верувал Рим. Дури ни Евреите, кои паганските (оттука, и римските) богови ги сметале за демони, не биле изложени на верски прогонства. Според писанието на еден еврејски историчар, Римјаните никогаш и никого, освен христијаните, не изложувале на прогонства од верски причини (М. Дајмонт, „*Евреи, Бог и историја*“).

На парите од императорот Септимиј Север може да се види образот на персискиот бог Митра. Самиот Септимиј, доаѓајќи во Александрија, своеволно се поклонил на локалното божество Серапис. За време на владеењето на овој ист император, од Александрија е изгонет св. Климент. На законот од овој император, донесен во 202 година, кој забранува преминување во христијанство, се повикувале судиите кои на смрт ги осудиле учениците на Ориген.

Зошто? Од каде е оваа омраза – и тоа не кај најлошите, туку кај најдобрите римски цареви? (како еден од поревносните прогонувачи на христијаните се покажал „философот на престол“, Марко Аврелиј). Причината е во самите христијани. Кога христијаните, слично на теософите,

би се согласиле дека „името Божјо“) е неважно, дека Бог има многу лица, и оттука, дека може истовремено да им се служи и на Зевс, и на Митра, Озирис, и на Христа – би немало прогонство. Од христијаните не се барало да се одречат од Христа. Од нив се барала лојалност во однос на официјалните пагански божества. Маченичката Татјана пострадала во време на владеењето на Александар Север. Неговата мајка – Јулија Мамеја – била христијанка. Тој дури и самиот себе се сметал за христијанин. Во неговата дворска капела бил насликан христовиот лик (заедно со ликовите на Авраам, Орфеј, Аполон). Меѓутоа, тој ја предал на смрт вистинската христијанка токму поради нејзиното одбивање Христа да Го вброи „меѓу“ другите богови. Императорот „христијанин“ ја убил Татјана поради неприфаќањето на теософската „верска толеранција“.

Избегнувањето на христијаните да ги почитуваат „боговите на татковината“ било сфатено како закана за целото општество: што ако боговите се разгневат поради тоа непочитување? Кога на некој граѓанин му се доверувала државна должност – на преземањето на должноста му претходело испитување во врска со неговото исполнување на обврските кон наследениот култ – дали ги почитува гробовите на своите предци. Тоа испитување било поттикнато од страв дека, поради неговата немарност, гневот на боговите би можел да се одрази и на успехот на онаа државна должност што му била доверена. Поради нивното одбивање да ги почитуваат олимпските богови, христијаните ги нарекувале „атеисти“, безбожници. Оттука, разбирливо е зошто паганските збирови токму на христијаните им ги припишувале неволјите што ги снаоѓале, и повикувале: „Христијаните – на лавовите!“



Евреите некако успеале да најдат начин да се договорат со властите, и тие не биле гонети. Колку и да била необична еврејската религија за паганите – во Римското царство немало прогон на јудеизмот. Точно е дека ерусалимскиот храм бил разрушен од Римјаните – но дури откако било задушено востанието во Палестина. [Тоа е] Акција на политичко заплашување и одмазда за востанието, сепак не е верски прогон. Сè до тоа востание, по кажувањето на Флавиј, „римските императори од сите епохи покажувале почит кон Храмот и ги богателе неговите ризници“. Од паганска гледна точка, јудејската религија, иако туѓа, била разбирлива: Евреите, како што им се чинело [на паганите], го почитуваат локалниот палестински бог, го почитуваат својот племенски идол, и тоа било сосем легитимно. Иако Евреите не ги почитуваат нашите богови – нивниот бог сепак има своја земја и, оттука, влегува во вселенската номенклатура на Ваал. Еврејската религија не била сосем разбирлива за Римјаните (пред сè – тие не ја сфаќале невидливоста на нивниот бог и одбивањето на почитување на други богови). Сепак, тоа била традиционална религија на еден од народите во Империајата и оттука Јахве, на некој начин, автоматски се наоѓал меѓу божествените заштитници на римската благосостојба. Понекогаш еврејскиот прозелитизам меѓу паганите го предизвикувал бесот на Римјаните, но Евреите никогаш не биле прогонувани поради верноста на својата национална религија.

Единствената земја која христијанскиот Бог ја имал – било парчето земја под Неговиот Крст... Освен тоа, додека јудеизмот можел да се живее без прозелитизам, одржувајќи го исклучиво во кругот на фамилијата, христијанството, кое раскинало со еврејската средина и

имало обврска да го објави Евангелието „за сведоштво на сиот свет“, не можело [да опстои] без прозелитизам. Апостолите не можеле едноставно меѓу себе да расправаат за евангелските настани. Тие биле испратени на сите да говорат за нив – и на Евреите, и на паганите. Мошне брзо се покажало дека и едните и другите во Христијанството гледале закана за своите национални традиции.

Во почетокот римските власти во христијаните гледале само обични еврејски мисионери. Меѓутоа, наскоро самите Евреи го негирале тоа погрешно мислење на паганските власти и објасниле дека христијанските проповедници не треба да се мешаат со правоверните Евреи. Многу децении Евреите, со лесно срце, ги пријавувале христијаните – бунтовници и еретици – на Римјаните. Со самото тоа тие, од една страна, ја сведочеле нивната лојалност пред властите, додека од друга страна, се спротивставувале на „ереста“ што се појавила во нивната сопствена религија. Многу подоцна (впрочем, дури во третиот век) иницијативата за прогон на христијаните започнала да доаѓа од самите римски императори, а не од еврејските општини.

Така значи, кога пријавата против христијаните стигнувала до римската администрација, актот морал да биде заведен и да биде спроведена судска расправа, дури и ако некој благороден чиновник не сакал да си ги валка рацете со христијанска крв. Христијаните, вообичаено, биле директно обвинувани за нарушување на законот за навреда на царското достоинство. Логиката е разбирлива: ако христијанинот ја смета религијата на Олимп за лажна, а истовремено – императорот се поклонува на олимпските богови, тоа значи дека христијанинот го смета императорот за демонопоклоник. Освен тоа, христијаните се дрзнувале да не веруваат во царското божествено потекло (кесарот своето потекло го поврзувал со богињата Венера).

Дијалогот меѓу судијата и христијанинот можел, на крајот, да заврши на следниот начин:

*- Го познавав твојот татко уште и пред да се родиш. Служевме во иста легија во Сирија. Се сеќавам и на тебе уште кога беше дете а еве, сега, морам да вршам претрес по обвинение против синот на мојот пријател. Тебе те обвинуваат... односно, велат дека си христијанин.*
*- Да.*
*- Знаеш ли ти дека еден војник не може да биде христијанин?*
*- Јас знам дека христијанинот може да биде војник; знам и дека мојот Бог, ако погинам бранејќи го својот град од варварски напади, нема да ме лиши од награда.*
*- Војникот најнапред го брани императорот и светињите на својот народ, своите богови. А ти си се одрекол од верата на нашите предци.*
*- Тие не се богови. Тие не го создале нашиот свет, ниту ги искупиле луѓето од вечната смрт, тие не пострадале на Крстот.*
*- Види, боговите не можат да страдаат! Но, ако ти сакаш да веруваш во некој Бог срамно распнат на Крст, во Бог – сиромав, во Бог – бездомник, во Бог Кој е избичуван, никој не ти забранува. Секој може да си избере свој бог. Само, немој притоа да заборавиш да ги почитуваш и заедничките богови на нашиот народ.*
*- Тоа не се богови; тоа се идоли, демони, измислици, битија кои сами сте ги создале по свој лик и облик. Нема да им принесам жртва!*
*- Слушај, ти не сфаќаш дека не сакам да те казнам. Мисли како сакаш. На крајот од краиштата, и нашите филозофи и поети ги исмејуваат авантурите на олимписките богови. Но, законот си е закон. Со нивните имиња на своите усни Рим станал најголема држава во светот. Треба ли да го возмутуваме народот заборавајќи на старите светињи? Ти само со збор исповедај ги, а во срцето мисли си што и да сакаш.*
*- Не, Бог е еден и единствен. Нема да се поклонам пред идоли.*
*- Ајде, добро, сами сме тука. Поради твојот татко ќе го запишам твоето име на списокот со луѓе кои се покажале разумни и принеле жртва на нашите богови и императорот. Само, во иднина немој јавно да говориш дека си христијанин. Оди сега!*

Младиот човек би заминал од кај управителот, и веднаш на плоштадот со цел глас би ја сведочел својата вера:

> *Ќе ви речат дека сум се одрекол од Бога. Не им верувајте, не сум се поклонил на идолите! Јас сум христијанин!* – за веднаш потоа да биде повторно затворен и убиен, обезглавен или предаден на мачење.

Три века, од средината на првиот до средината на четвртиот век од христијанската ера, христијанството било гонето во империјата. Час во една, час во друга провинција, а час и во целото царство (како во времето на императорот Дециј), наеднаш би се кренал бран прогонства, се рушеле храмови, се затворале епископи, свештеници и верници. Дури ни робот – христијанин не бил сметан како безначајна фигура за апсење, но ниту високата положба на некој официр или патрициј во општеството не можела да ги спаси од казна, доколку станеле христијани.

Паганскиот суд им ги предлагал на христијаните нам добро познатите изговори: „Одречи се само со збор, а во душата верувај во што сакаш. Така може и судијата да омекне, и Бог да се смилостиви". Ваквите совети ни ги пренесува св. Василиј Велики, совети што џелатите му ги давале на маченикот Гордиј; св. Василиј се сеќава и на маченикот Варлаам, чија рака на сила била држена над паганскиот жртвеник, а над неа бил ставен темјан во надеж дека „сведокот на Евангелието" нема да го издржи оганот и ќе го фрли темјанот од рака – право на жртвеникот. Толку голема била вредноста на зборот и гестот.

## А како е денес?

Цивилизацијата во која зборовите изгубиле вредност нема право да се нарече христијанска. А луѓето кои се спремни, дури и на пат кон православен храм, да пробаат од кришнаитската „прасада", да донираат по некој денар на секоја верска заедница и пред секој идол да запалат егзотично мирисливо стапче, воопшто не сфаќаат со каков ужас и болка апостолите и мачениците од раната Црква би гледале ваквото нивно однесување.



*Грег Вилис, „Денот на мртвите во Митла". Во традицијата често се испреплетуваат неопагански, вуду и христијански елементи.*



Манихејска икона

На Рамакришна му е сосема сеедно дали се паѓа во екстаза пред ликот на Буда или Христа, во созерцување на демонската божица Кали или теософската Мајка на светот. Спротивно на ова, христијанинот наместо ваквата „широкоградост“ би избрал маченишто. Се работи за толку непроменлив закон за монотеистичко сфаќање на Бога што дури и Ориген протестирал против давањето на многу имиња на Бога: „Многумина сè уште се придржуваат кон мислењето дека имињата што се дадени на предметите се произволни и немаат внатрешна врска со нивната суштина. Затоа, многумина мислат дека нема разлика доколку се каже ʻЈас Го почитувам највозвишениот Бог’ или ʻЈупитер’ или ʻЗевс’, а исто така и: ʻГо почитуван и прославувам сонцето или Аполон, месечината или Артемида, животворната сила на земјата или Деметра или нешто друго, за што говорат грчките мудреци. Против ваквите приговарам... Не треба да се чудиме на тоа што демоните своите имиња ги пренесуваат на највозвишениот Бог. Таквата употреба на имињата на пагански идоли нместо именување на вистинскиот Бог не била вообичаена за нашиот „слуга“ (Мојсеј), пророците, Христа и апостолите’“ (*Совети за маченишшвошо*, 46).

„Подобро е да се претрпат маки и да се умре, отколку да се дозволи на себеси нешто такво“ (*Прошив Целс*, 4,48; 1,25).

Ниту оригеновите ученици не биле помалку казнувани поради исповедањето на Евангелието. Ориген не ги задржувал туку, напротив, ги укрепувал во одлучноста да се спротивстават на паганското поклонување.

Христијаните можеле да имаат мошне лесен пат кон успехот. Единствено што било потребно било да речат: „Дојдовме да се соединиме со сите. Ние Го почитуваме Христос, но сфаќаме дека Нему може да Му се поклонуваат и во култовите на другите религии“. Во тој случај би немало маченици, но и христијанството не би постоело. Христовата опомена би била неуслишена: „Тешко вам кога луѓето ќе почнат да ве фалат“ (Лк 6,26).

Значи, токму тоа што апостолите и нивните следбеници одбиле заедно со Евангелието да биде признаена и паганската вера довела до нивно казнување. Паганизмот му предложил на христијанството да направат компромис – во вид на гностицизам. Тогаш, како што точно вели Б. Болотов, „паганизмот прибегнал кон прогоните барајќи компромис“.

Христијанското маченишто ги принудило паганите да размислат: „Гледаме дека во светот на религиите постои нешто што ни е непознато... Зошто христијаните толку многу Го љубат својот Христос? Ние не умираме за нашата Астарта...“ Мученичката крв навистина стсанала семе на христијанството.

Победата на Црквата над империјата – тоа е победа на верската сериозност над лекомисленоста, победа на честитоста над верскиот кич.

Меѓутоа, ниту една победа не може автоматски и да се сочува. Во современиот, веќе целосно секуларизиран свет, повторно триумфира идеалот на обврзно верско проголтување. Северието и многуверието се прогласуваат за „широкогледност“, а посветеноста на Христа за „нискоглед фанатизам“.

Паганизмот повторно (дури и во Русија) се појавува како најмасовна религија. Професионалните социолози можат да бидат измамени (тие, верувајќи му на зборот на граѓаните, ќе тврдат дека поголемиот број на верници во Русија му припаѓаат на Православието). Меѓутоа, оние кои се занимаваат со пари, а не со вербално уверување, не можат да бидат измамени. Не можат да бидат измамени издавачите на книги. Така, на пример, меѓу книгите кои се продаваат на уличните штандови, на една книга за православие имаме дваесет книги за окултизам и паганизам (тука не ги сметаме романите за „страв и ужас“). Хороскопи, учебници за јога и

медитација, мистички трактати од древниот Египет па сè до Кастанеда, а покрај нив и нео-пагани од типот на Хабард.

Точно, постојат и луѓе кои нивното место го пронашле во Православието. Меѓутоа, многу е поголем бројот, во однос на бројот на парохјаните во Православната Црква, на оние кои стануваат следбеници на пагански пракси и различни секти, христијански или блиски на христијанството. Во Русија нема човек кој во текот на последните шест години не слушнал дека Православието е руска духовна ризница. Поголемиот дел од Русите искрено се согласува со оваа константација. Да, сите се убеени дека духовноста е нешто добро, дека патот до храмот не смее да зарасне од трева, дека во духовната ризница на Православието е сочувано и собрано големо искуство. Сега кажете ми - каде би можел да го добијам својот дел од таа ризница?

Ако пријдете до некој човек на улица и го прашате што тој во текот на минатите години научил за Православието, ќе добиете молк како одговор... Речиси и никој не знае да наведе некаков извадок од житие што го запомнил, ниту приказна што го воодушевила, ниту богословска мисла што му се открила... Уште помалубројни се оние кои би можеле да посочат некоја проповед што ја слушнале, или длабоко доживеана богослужба што ги поттикнала на творење добри дела.

Не знам колку верници има во Русија. При една пригода, во едно училиште ги прашав учениците од погорните одделенија: „Каква основа имате за да се сметате за претставници на Homo sapiens-от?“ Разумниот човек е должен неговите убедувања да ги прилагоди на неговите постапки. Поголемиот дел од децата, директно прашани за нивната вера, одговорија дека се верници. Но, на следното прашање одговорија со молчење. Прашањето, пак, беше многу просто: „Кажете ми кој од вас, барем еднаш во животот, се нашол во ситуација да сака да направи некакво лошо дело, но во последен момент се одвратил од тоа, сеќавајќи се дека Бог не заповеда да правиме така?“ Во тоа се состои критериумот на верата на еден човек. Ако се раководиме според тоа, ќе се покаже дека не живееме во земја каде православието или исламот доживуваат ренесанса, туку во земја на победнички окултизам. Малку се оние кои во моменти на искушение ќе се обратат кон Евангелието или Куранот, ќе се советуваат со свештеник или со оџа. Но затоа, сите тие со леснотија ќе го послушаат советот на астрологот или хороскопот, магот или јасновидецот. Тоа, исто така, е показател на длабока морална криза во нашата земја: стремеж да се добие мистично очистување од секаква етика, преку краток пат да се помине до небесните тајни – без личен духовен напор.

Истребувањето на неколку поколенија религиозни мислители и богослови доведе до заборавање на фактот дека умот има свои права не само во световната, туку и во духовната сфера. Два пара на категории го опишуваат текот на духовното делање: молитва и мисла, благодат и слобода. Отсечете од овие парови само едно крило – и ете ви инвалид на духовниот труд. А токму тоа значи зборот секта, - отсекување.

Во историјата на религиите постојат нешта со кои христијанството е неспоиво. Од тие факти не можете да се оградите со вообичаениот интелектуален рефлекс: „Леле, колку сте нетолерантен!“ Никаква „толеранција“ не може да го побие фактот дека Пуштин не ги напишал



Том Вудл, „Минимализам“

Стиховите за советски пасош. Зарем учителот кој на ученикот му укажува на недопустливоста на искривување на фактите е нетолерантен? Ако Игор е убеден дека „Евгениј Онегин“ започнува со зборовите „Мојата чесна тетка е вистински пример“, а не „Мојот чесен стрико е вистински пример“, дали учителот треба да го пофали за творечкиот пристап или да се потруди да го примора на разбирањето на правилата на рускиот јазик?

Пантеизмот на Новото доба е неспоив со библискиот персонализам. Ако Христа Го сфаќаме само како „Учител“, ние не сме во склад со Неговото учење. За неморалот на источната мудрост, пак, нема место во христијанската етика.

Затоа, кога предавам на Московскиот државен универзитет, ги предупредувам студентите: на некој начин, јас сакам да ве лишам од слободата. Имате право да мислите поинаку, дури и самото Евангелие и христијанскиот живот можете да ги толкувате поинаку од православните, значи – можете да зборувате и пишувате што и да посакате. Меѓутоа, единствено што не можете да направите е овие коктели од ваши мисли да ги претставувате како православие. Ако некој, па макар и само еден од вас, е согласен со тоа сфаќање на Бога, човекот и светот што ви го откривам – ќе ми биде мило. Но, на крајот од сите мои предавања ќе ви биде поставено едно ограничување: кога ќе дознаете кои се основните принципи на Православието, нема веќе да го имате моралното право за прикажување на нешто друго како православно.

Се смета ли за ограничен фанатик историчарот на философија кој ја објаснува разликата меѓу философските модели на Кант и Августин? Зошто не го обвинат за нетоleranција философот кој пишува дисертација за спротивните гледишта меѓу Достоевски и Ниче? Кога Алексеј Лосец докажува дека платонизмот од Ренесансата нема многу заедничко со учењето на самиот Платон, никој за тоа не го нарекува кусоглед фанатик. Исто така историски и фактички и документирано се неспоиви теософијата на Новото Доба со апостолското христијанство.

Исто така би замолил да не ме обвинуваат за „нетрпеливост“. Меѓу различните фиолсофии и различните богословски системи постојат разлики кои не зависат од расположението, ни волјата на истражувачот. Колку и да сака некој тие да бидат еднакви, меѓу будизмот и христијанството постојат многу радикални разлики. Тие нема да исчезнат доколку јас ги премолчам.

Повикот на компарација пред сè е повик на мисловна делатност. Леснотијата со која на астрална подлога се раѓаат секти од типот „Богородичен центар“ и „Бело братство“ ни дава повод барем уште еднаш да напоменеме: кога се влегува во Црквата, се тргаат капите, а не главите. Стекнувањето со вера не значи дека умот треба да се стави во мрачна комора. Појавата и исчезнувањето на сè понови секти ја потврдува вистината стара колку и Црквата: сета сила на догматиката и преданието, силата на црковниот разум и авторитет не е спротивставена на слободата на мислење, туку на слободата на фантазирање. Црквата го негувала научниот емпиризам во својство на средство за борба против суеверието и митологијата. Како што е познато, ништо не може така да нè обедини, колку што тоа го може заедничкиот непријател. Денес е очигледен стратешкиот сојуз меѓу Црквата и науката, духовното и световното просветување. И во верата и во науката се појави заеднички моќен непријател: суеверието.

Во животите на црковните луѓе имало многу гревови. Меѓутоа, двеилјадигодишното искуство покажува дека сè, што трагало по поголема „чистота“ и „мистицизам“ запаѓало во сферата на фантазија, антиисторија и некултура. Тој факт можеби некому му се чини досаден и прозаичен, додека за мене – тој е радосен. Низ вековите се појавувале нови гностици и теософи кои ги уверувале другите дека нашле начин како да се надмине евангелската „тесноградост“. Исто така, меѓутоа, низ вековите се испоставувало дека од светот на христијанската култура постои само една излезна врата назад во паганизмот. На таа порта може да се менуваат написите и украсите, на нив може да бидат запишани различни цитати. Позади таа врата, сепак, човек нема да го пронајде небесниот шир, туку она исто задушливо и извалкано предсобје во кое и нема место за човекот...

ПРАЗНОВЕРИЕ НА XXI ВЕК

# АСТРОЛОГИЈА

## НЕЈЗИНАТА СУШТИНА И ПОЈАВУВАЊЕ СПОРЕД УЧЕЊЕТО НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА

- ТРЕТ ДЕЛ -



Димитриј Бороновски

## ПРИЧИНИ НА СОВПАЃАЊЕ НА НЕКОИ АСТРОЛОШКИ ПРЕТСКАЖУВАЊА СО РЕАЛОНОСТА

Освен гореспомнатите кажувања на светите отци и учители на Црквата за причините на совпаѓање на некои претпоставки на астролошкиот хороскоп со реалноста, би сакале да приведеме уште еден фактор кој ја објаснува суштината на тие совпаѓања.

Според законите дадени од Бога, во светот се случува взаемно дејствување на материјалните објекти, и особено, влијание на сонцето, месечината и другите небесни светила и планети на живата и неживата материјална природа на земјата. Човекот, бидејќи своеобразен микрокосмос кој во себе ги соединува духовните и материјалните начела, природно, на себе го чувствува тоа влијание. Така, на пример, професорот Чижевски во своите работи ја покажал зависноста на епидемијата на колера и некои други заболувања од висината на

сончевата активност (А. А Чижевски. *Земното ехо на сончевите бури*. „Мисла", 1976). Познато е влијанието на фазите на месечината врз психичката состојба на определен контингент на луѓе (така наречената појава на месечење при полна месечина). Очигледно, по аналогија може да се зборува за влијанието и на другите небесни тела врз телесната и психичка состојба на човекот и дури, во определен степен, врз формирањето на неговиот характер, индивидуалните физички и психички способности.

Веројатно, укажаните знаења биле дадени исто така и на астролозите од страна на паднатите духови. При знаење на определени физички и психички својства на човечкиот организам, а исто така и на возможните резултати од влијанието врз него од страна на космичките енергии во определен момент од времето, може да се претпостави вакво или онакво поведение, физичката или психичката состојба на човекот. Од овде се случуваат некои совпаѓања помеѓу претскажувањата на хороскопот и реалноста.

Но карактеристично е што повеќето претскажувања на астролозите не се исполнуваат. Тоа се објаснува со тоа што освен астрономскиот фактор, индивидуалните психофизички особености на човекот ја определуваат неговата наследност, географското место на раѓање, воспитувањето, исхраната и мноштво други второстепени фактори. Што се однесува до судбината на човекот, неговиот живот и смрт, тоа кон сите гореспомнатите фактори може да се додаде уште еден кој всушност е главен, а тоа е Божјата промисла за човекот. Особено за човекот кој верува, за христијанинот кој се предава на Божјата волја и постојано неа ја бара. Таквиот човек се наоѓа под особено водство од Господа. Кажано е во Евангелието од Матеј: „Не се продаваат ли две врапчиња за еден асариј? И ни едно од нив нема да падне на земјата без волјата на вашиот Отец. А вам и влакната на главата ви се изброени" (Мт. 10, 29-30). На оние кои отпаднале од вистинскиот Бог во определен степен се предадени на волјата на случајот, и нивниот животен пат зависи од многу фактори, во кои физичките и психичките природни зададености, а исто така и космичкото влијание на небесните тела, веќе играат голема улога. Еве зошто за христијанинот верувањето во астролошките претскажувања нема никаква веројатност, а за незнабожците, иако и доволно низок, има степен на совпаѓање.

## МУДРЕЦИТЕ И ХРИСТОВОТО РОЖДЕСТВО

Некои ги буни прашањето: Ако астрологијата носи демонски карактер и нејзиното користење е грев, тогаш како мудреците го дознале времето на Раѓањето Христово при помош на астрологија?

На тоа прашање има два одговори кои не противречат, а се дополнуваат еден со друг.

Првиот одговор. Причината по која ја очекувале таа ѕвезда на Исток и го следеле нејзиното појавување е поврзана со претскажувања дадени во книгите на Стариот Завет. Во книгата Броеви читаме: „Ќе му покажам, но не сега уште, го сакам, но не одблиску. Изгрева ѕвезда од Јакова, и се издига човек од Израилот" (4 Мој. 24, 17).

Кај пророкот Исаија (Ис. 60, 1, 3, 6) е кажано: „Дигни се, светлеј се Ерусалиме, зашто дојде твојата светлина, и славата Господова изгреа над тебе. И народите ќе дојдат кон твоето видело, царевите – кон светлината што изгрева над тебе... сите тие ќе дојдат од Сава, ќе донесат злато и темјан и ќе ја објавуваат славата Господова".

Во 71 псалм читаме: „царевите на Тарсис и островјаните дарови ќе му принесуваат; и царевите на Арабија и од Саба дарови ќе му донесуваат" (Пс. 71, 10).

Пророкот Даниил (овде е неопходно јасно да се разбере дека пророкот Даниил не се за-нимавал со никаква магија и астрологија, туку постапувал така како што го вразумувал Бог,



Мудреците од Исток и Витлеемската ѕвезда.

и во тоа и била неговата предност пред мудреците кои на многу прашања не можеле да дадат одговор), кој бил назначен во вавилонскиот плен за началник на мудреците (Дан. 2, 48), природно ги знаел тие претскажувања и не ги криел. Освен тоа, нему лично му припаѓа пророштвото за времето на Раѓањето на Богомладенецот (Дан. 9, 25). Тие факти кои укажуваат на событија од преголема важност (време, место и услови на Раѓањето Христово) биле зафиксирани и вредно чувани од таа школа за жреци, на чија глава стоел пророкот, и по преемност се предавале од страна на мудреците од поколение на поколение.

Втор одговор: Божјата Премудрост која ја обрнала злобата на луѓето во средство за приведување на Јосиф во Египет, исто така на астрологијата можела да ѝ даде можност да ги доведе мудреците кон Христа. Зашто, познато е дека Бог „сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познание на вистината“ (Тим. 2, 4), сите без исклучок, и Он се труди да го спаси секој преку само Нему познати, оптимални за тој човек патишта.

Од горепомнатото за мудреците кои дошле да се поклонат на Христа, може да се направи заклучок дека не го дознале времето на Раѓањето Христовто преку магија и астрологија, а Самиот Бог им го открил тоа преку пат кој сметал дека за нив и за нивното спасение е најдобар. Така што астрологијата нема никаква заслуга во фактот на доаѓањето на мудреците по ѕвездата кон местото на Рождеството Христово.

Небото и ѕвездите се такви Божји созданија кои им се видни на сите. Затоа во определени случаи Господ преку нив дава знаци кои возвестуваат важни событија во иднината на човештвото.

Така, за време на Крсните маки на Спасителот, пред Самата Негова смрт „настана мрак по целата земја, до деветтиот час; и сонцето потемне“ (Лк. 24, 44-45). На луѓето им било возвестено дека со човечки раце е убиен Оној Кој дошол да го спаси човечкиот род, да го отвори патот кон спасението, кон Царството Небесно. Се случила привремена победа на темнината, се извршило беззаконо дело и како знак на тоа земјата била покриена со мрак. Умрел Исус Христос – сонцето на правдата, изворот кој на луѓето им дава вечен живот, потемнело материјалното сонце – изворот на материјалниот живот.

Ние во Евангелието исто така читаме дека при крајот на светот, пред Второто Христово доаѓање „ќе има знаци на сонцето, и на месечината, и на ѕвездите“ (Лк. 21, 25) и ужасни јавувања и големи знаци од небото кои во согласност со другите претскажани событија и јавувања нема да оставаат сомнеж дека се приближило времето на второто Христово доаѓање и крајот на постоечкиот свет. Затоа, за разбирање на небесните знаци, испратени од Господа,

не е потребно знаење на астрологија или толкување од страна на астролозите; секој кој со срце го примил Светото Писмо, нема да се посомнева во она што ќе се случи.

# АСТОЛОГИЈАТА И СОВРЕМЕНОСТА

Сега, кога од сé гореизложено можеме да направиме заклучок за демонското произлегување на астрологијата и магијата, за нивното гибелно влијание врз земните цивилизации кои ги примаат, за едноначниот одречен однос на христијанската Црква кон сите видови на окултизам, ајде да го разгледаме развивањето на астрологијата во современото време во нашата земја.

Овде пред сé е неопходно да се обратиме кон таквите познати и популарни астролози, какви што е сопружниците Глоб. Тие често излегуваат на телевизија и радио со лекции по астрологија, широко зборуваат за таа тема по весниците, скоро целата земја ја покриле со мрежата на астролошки школи. Кои се тие и каква е нивната задача? Најнапред ним да им дадеме збор.

Во журналот „Работничка", во статијата „Со кого разговараат ѕвездите" (12, 1989, с. 25) читаме: „Претците на Павле по мајчина линија се Персијци од родот на герби во Иран. Од древност својот живот го посветувале на астрологијата. Дедото исто така го учел Павле на астрологија, а умирајќи, му предал речник зборови-шифри, кој на ученикот му го отворил пристапот до учителите, до големите астролози и му дал завет да ги бара во Индија". Кога пораснал Павле, отпатувал во Индија и еве што зборува за тоа патување. „Јас најдов... мене ме нарекоа Учител и во тоа помогна речникот-шифри. Ме допуштија до учењето, до најскриеното што се предавало илјадници години од уста на уста. Ми дадоа книги, ме научија како да ја најдам жена ми и ми напомнаа, кога нашите животи ќе се соединат, јас да ја посветам во она што го знам и на нас ќе биде возложена голема мисија".

Како што се гледа од кажаното на Павел Глоб, тие ги поминале сите видови на магиско посветување во „тајната на знаењето".

Прво – предците персијци, наследна астрологија, во која тајните знаења по пат на обучување и посветување се предавале од поколение на поколение (за подобро разбирање по аналогија може да се приведе пример на наследно магионичање, како и бесови-помошници кои се предаваат по наследство). Дедото, умирајќи, пренесува заколнувања (а исто така и злодух-помошник) кои го отвораат патот кон „учителите", то ест магионичарите од висок степен, кај кои астрологот почетник треба да помине соодветна обука.

Второ. Павел оди во Индија, дава заклетви, се појавуваат „учителите", и Глоб поминува нов курс на магиска обука, се здобива со висок степен на посвета, се снабдува со неопходна литература и бива пратен „со голема мисија" во земја каде што сé уште не е развиена астрологијата. За полесно да го заврши она што го намислил, му наоѓаат жена со определени сили, која тој треба да ја посвети во она што самиот го поседува.

А потоа следува најстрашното. За него со радост се отвораат страниците од журналите и весниците, и телевизиите под постојана рубрика „Школа за астрологија". Семејството Глеб шири пропаганда со астролошка идеја; земјата се покрива од мрежа на школи каде што луѓето со голем ентузијазам слушаат ленти снимени од астролозите Глеб, а после тоа активно ги навлекуваат на астрологија своите роднини и познати. Таа магична зараза поради која во многу и погина допотопниот свет, сé повеќе и повеќе ги зафаќа умовите и срцата на милиони луѓе, формирајќи го нивното сознание и стилот на поведение во општеството.

И тоа наше тврдење не попусто. Како пример ќе го приведеме кажувањето на Тимур Свиридов, еден од познатите претставители на школата на Глоб. Во статијата „Што ни вели Водолеј" тој пишува: „Денес на планетата се формира нов тип на луѓе, нова раса која ќе поседува непознати за нас окултни способности. И ние треба да развиеме кај луѓето силно астролошко мислење". И потоа:

„Павел Глоб претскажува дека во 1999 година ќе дојде Месија кој ќе се роди во Русија и на новото поколение ќе им даде друг тип на религија“ („Што ни вели Водолеј“, вес. „Аналогија“ ? 2, 1990).

Оттука е јасно дека пропагандата на астрологијата и магијата во нашата земја игра строго определена улога и оди кон својата цел. Астрологијата и магијата се повикани да постанат уште едно средство за оформување на луѓе во нехристијански, демонски дух. Се случува напад на окултизмот врз светот, жестока борба за освојување на човечките умови и срца кои поминуваат преку порано подготвена позадина на безбожност. Најнапред од човечките души умислено го истиснувале Христа, гонеле, казнувале за верата. Се исмејувале над верата, ги рушеле храмовите, ги палеле религиозните книги. Настанатиот вакуум во душите се труделе да го исполнат со атеизам и материјализам. И многу луѓе поради своето воспитување го примиле тоа и така живееле. Сега безумноста на тие идеи стана очевидна на сите. Современиот човек појде по духовниот живот и наеднаш му предлагаат нова духовна храна – окултизмот. Невооружен со христијанска вера, со знаење на Светото Писмо и пророштвата за идниот век и доаѓањето на антихристот, современиот човек не е во состојба правилно да ги оцени окултните учења. Прегладнет за духовна храна, тој проголтува секаков мистичен отров кој му предлага определена сила. Со тоа се користат ловците на души кои по примерот на Своридов често дури не ги ни кријат своите намери. Тие сакаат да воспитаат нов тип на луѓе „со окултни способности“. Луѓето треба да се воспитаат духот кој ќе им овозможи да го определат доаѓањето на лажниот месија, антихристот, кој се труди, како што е претскажано и во Апокалипсата, да го уништи христијанството и да насади „друг тип на религија“ која ќе се состои во поклонување на антихристот.

Во денешно време сето ова бара особена будност, внимание на христијаните кон себе и кон сите пројавувања во надворешниот свет, неопходност да се помни дека се работи за борба за живот или смрт, притоа вечна смрт за оние кои ќе бидат излажани, зашто, како што укажува апостолот Петар, неопходна е будност, помнејќи дека „нашиот противник ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта; спротивете му се со тврда вера...“ (1 Птр. 5, 8-9).



*Страшниот суд над душите на праведниците и грешниците.*

Каде ти е, смрт, бодилото? Каде ти е, аду, победата?
Воскресна Христос и ти беше победен!
Воскресна Христос и паднаа демоните!
Воскресна Христос и се радуваат ангелите!
Воскресна Христос и животот се насели!
Воскресна Христос и ниту еден мртовец не остана во гробовите!
*од Пасхалното слово на св. Јован Златоуст*




www.koe.mk